# МАКЕДОНСКИ ГЛАС

Godina XVII 2010.
МАРТ – АПРИЛ
OŽUJAK – TRAVANJ
ЦЕНА 5 кн

ISSN 1333-7769

БРОЈ
64



ДЕНОВИ НА МАКЕДОНСКАТА КУЛТУРА ВО СПЛИТ
ЕКСКЛУЗИВНО ИНТЕРВЈУ: Д-Р ИВО ЈОСИПОВИЌ
МАКЕДОНЦИТЕ ВО ХРВАТСКА ГО ОДБЕЛЕЖАА ВЕЛИГДЕН
УБАВИНИТЕ НА МАКЕДОНИЈА: КУКЛИЦИ



# KOD PREHLADE I GRIPE

# CAFFETIN COLD

**Djeluje bez pogovora, brzo i efikasno!**




- SADRŽAVA VITAMIN C
- SMANJUJE BOL
- SNIŽAVA POVIŠENU TJELESNU TEMPERATURU
- SMANJUJE ZAČEPLJENOST NOSA
- SPREČAVA NADRAŽAJNI KAŠALJ

caffetin COLD®

ALKALOID

Za obavijesti o indikacijama, mjerama opreza i nuspojavama upitajte svog liječnika ili ljekarnika

**GLASILO ZAJEDNICE MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ**

**СПИСАНИЕ НА ЗАЕДНИЦАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА**

**Главна и одговорна уредничка:**
МАРИНА АПОСТОЛОВСКА-ВУЈАКЛИЈА

**Заменик на главната и одговорна уредничка:**
ЕЛИЗАБЕТА ПЕТРОВСКА

**Уредништво:**
Компјутерска обработка: Владо Чакмак
Лектура: Марија Георгиева-Петриќ
Секретар и коректор: Елизабета Петровска

**Редакциски одбор:**
Огнен Бојаџиски
Јагода Цветичанин
Горан Калоѓера

**Редакција:**
Елизабета Петровска - Загреб
Јулијана Младеновска Тешија - Осиек
Ратко Димовски - Пула
Владо Настески - Риека
Еми Лонгин - Задар
Милена Георгиевска - Сплит

Ovo se glasilo tiska sredstvima iz Državnog proračuna RH posredstvom Savjeta za nacionalne manjine pri Vladi RH.

Nakladnik: Zajednica Makedonaca u Republici Hrvatskoj,
Zagreb, Masarykova 16/1
Matični broj: 3805760
OIB: 07739533563
Žiro račun: PBZ 2340009-1100038804

Tel./Фах: (01) 48 72 655
web: www.zmurh.hr
e-mail: info@zmurh.hr

За издавачот: Ангел Митревски
Печат: М-Принт д.о.о. Загреб

На насловната страница:
Венец од златни дабови листови на
Македонските кралеви IV-II век п.н.е.

---

Temeljem odredaba čl. 58. st. 3. Zakona o javnom informiranju RH (N.N. br. 22/1992) novine su prijavljene i registrirane pod br. 421 u Ministarstvu kulture i prosvjete, Sektor informiranja, dana 14.7.1993

Prema mišljenju Ministarstva kulture i prosvjete Republike Hrvatske broj 532-03-1-7-94-01 od 10. svibnja 1994. ova tiskovina je oslobođena plaćanja poreza na promet.

**ЗАБЕЛЕШКА: Коментарите објавени на страниците на ова списание со потписи на авторите се мислења на истите и не секогаш го одразуваат мислењето на Уредништвото. Уредништвото е одговорно само за текстовите без потпис. Материјалите испратени на нашата адреса стануваат сопственост на списанието, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.**

## Збор на уредничката
## Riječ urednice



Неколку дена размислував што да ви напишам во уводникот на нашиот “Македонски глас” бр. 64. На крајот се одлучив едноставно да ви ги посочам насловите од активностите што друштвата при Заедницата на Македонците во Р. Хрватска ги оствари ја во овој период, а кои беа повеќе од благотворни.

Така, во ова наше издание ќе можете да го прочитате интервјуто со актуелниот претседател на Р. Хрватска, Иво Јосиповиќ, по што следуваат информациите на нашите друштва за изминатиов период. МКД “Македонија” од Сплит ги одржа своите Денови на македонската култура, “Езерки” успешно настапија во “Лисински” во Загреб, а најстариот и најдобриот фолклорен ансамбл “Танец” пред преполни сали гостуваше во Загреб и Осиек. Филмската уметност во Хрватска ја одбележа Македонската кинотека, која во Загреб и Риека ги оствари своите недели на македонскиот филм. Во Задар и Сплит беа отворени изложби на македонски сликари, а во просториите на МКД во Риека беше одржан концерт на “Коморниот дует” од Скопје. Воедно, во неколку хрватски градови се одржа празнување на Велигден. Ви препорачуваме да ги испробате и рецептите што ги објавуваме во рубриката “Кујна”, да ги прочитате трите прекрасни песни на нашите македонски поети што живеат и работат во Р. Хрватска, а потоа “да отпатувате” во Македонија на локалитетот Куклици.

Се надевам дека успеавме да ги задоволиме вашите интереси околу настаните што во овој период ги оствари Заедницата на Македонците во Хрватска.

Марина Апостоловска – Вујаклија

# Д-Р ИВО ЈОСИПОВИЌ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

## Се определив за сериозна, а не за естрадна политика



*Новиот хрватски претседател на почетокот на својот мандат даде ексклузивно интервју за најстариот македонски дневен весник “Нова Македонија”, каде особено ги потенцира пријателските односи на Р. Македонија и Р. Хрватска. Интервјуто го пренесуваме во целост*

Стапувањето на политичката сцена на д-р Иво Јосиповиќ хрватската, но и пошироката јавност го доживеаја како прилив на свежа крв во политиката. Особени симпатии тој плени со спојот на правото, политиката и музиката. Цврсто е убеден дека ветувањата што ги даде пред електоратот ќе ги исполни и ќе успее да ги реализира во текот на својот државнички мандат.

*– Драго ми е да слушам позитивни впечатоци. Јас немам обичај да давам лажни ветувања. Ветувањата дадени во кампањата се сериозни и за мене обврзувачки. Како што во музиката се определив за сериозна музика, така е со мене и во политиката: се определив за сериозна, а не за естрадна политика, вели хрватскиот претседател Јосиповиќ.*

Тој апострофира дека на нашите простори културата на компромис не е широко распространета, но во процесот на пристапувањето во ЕУ пред сите е да ја прифатат културата на консензус низ компромис. Тоа не треба да се меша со хипокризија. Колку и да е компромисот понекогаш болен, секој успешен договор значи и попуштање, смета претседателот Јосиповиќ и додава дека Македонија низ пристапувањето кон Унијата станува една од најважните регионални оски на стабилност. Тој ја поддржува Македонија на патот кон ЕУ и потенцира дека опасноста лежи во секое одложување на тој процес. Вели дека пред Хрватска стојат уште неколку реформи што ја делат од скорешното членство во Унијата, а со влезот во ЕУ дополнително ќе се зацврсти улогата на Хрватска како пријател на Македонија.

*– Од друга страна пристапувањето на Македонија во ЕУ, како и останатите земји од регионот, се стратешки интерес на Хрватска. Според тоа во разговорите со партнерите на ЕУ нема да ја пропуштам шансата да ги поттикнам на поддршка за што побрз почеток на преговорите со Македонија. Ценам дека тоа е многу важно, бидејќи би бил значаен придонес за јакнење на чувствата на европска иднина на просторот од целиот регион. Дури и самиот процес на пристапување во ЕУ носи длабока трансформација на*

**Развој на стопанската дипломатија**

Она што ми е јасно во овој момент е дека малите и затворени стопанства немаат голема иднина во глобалниот свет. Мораме да се отвориме за конкуренција, мораме да се натпреваруваме. Верувам дека Македонија и Хрватска имаат сè поконкурентни производи за пазарно натпреварување. Познато ми е дека Македонија вложува големи и храбри напори на светскиот инвестициски пазар да стане атрактивна за вложувачите и инвеститорите. Би сакал вакви охрабрувачки напори и во Хрватска. Планирам да го поттикнам развојот на стопанската дипломатија, чија задача е и да ги открива можностите за добра работа во друга земја, односно на друга земја да и се укаже можноста за добра работа кај нас. Очекувам Македонија наскоро да стане едно од фреквентните полиња за дејствување на хрватската дипломатија и деловните луѓе," посочува хрватскиот претседател Јосиповиќ.

*квалитетот на животот на граѓаните, така што преговорите за пристапување се, поточно кажано, процес на внатрешна европеизација на земјата,* истакнува претседателот Јосиповиќ.

Во однос на економската соработка на Хрватска и Македонија, хрватскиот претседател смета дека ниту Македонија, ниту Хрватска не треба да бидат задоволни со сегашната состојба. Во таа насока, како еден од првите свои чекори во претседателскиот мандат беше формирањето на Советот за економија составен од врвни експерти и многу успешни стопанственици, сè со цел на структурирање и динамизирање на хрватските стопански односи на меѓународниот пазар.

Милена Георгиевска

Во посета на Шибеник на 6 мај годинава престојуваше претседателот на Хрватска, д-р Иво Јосиповиќ. Притоа се сретна со градските власти, но и со бројни граѓани на Шибеник. Како човек кој сака да биде близок до народот, хрватскиот претседател пиеше кафе во кафе-барот „Валерија" каде се поздравуваше и разговараше со бројни Шибенчани и гости во градот. За време на неговата посета на Шибеник тој се сретна со претставници на културниот живот, а го разгледа и историскиот дел на градот.

Хрватскиот претседател како страстен вљубеник во музиката присуствуваше на хуманитарниот концерт во Народниот театар, кој воедно е и прв во низата концерти во рамките на неговата акција „Со претседателот на концерт". На концертот настапи познатиот пијанист Максим Мрвица и тоа на новиот клавир, што шибенскиот театар неодамна го доби благодарение на донацијата на претседателот Јосиповиќ. Јосиповиќ ја посети и градската библиотека "Јурај Шишгориќ", а исто така, беше присутен и на отворањето на изложбата на Зита Рончевиќ - Шваљек во галеријата "Св.Кршеван".

М. Г.



# ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА МКД “ИЛИНДЕН” ОД РИЕКА

***На годишното Собрание во Статутот на МКД „Илинден“ се внесени многу измени***





Вообичаено, како и секое досегашно Собрание, и годишново започна со интонирање на химните на двете наши татковини, а потоа претседателката на МКД “Илинден”, Ивона Дуноски, даде вовед. Говорејќи за бројните настани во минатата година рече: “Се потрудивме да ги продолжиме светлите традиции во насока на нашиот просперитет со единствена цел и со сета тежина на моралната обврска што ни припаѓа како Македонци, како носители на македонското национално, јазично, историско, културно и верско наследство. Ние како Македонци надвор од своите родни огништа, грижливо ги негуваме татковинските чувства и традиции кои се длабоко вкоренети во нашето битие.”

“Илинден” со своите активности во 2009 година ги исполни сите очекувања и предизвици што беа пред него. Процесот на реализација на програмските активности во изминатиот период претседателката Дуноски го оцени со највисока оценка, бидејќи се извршени сите планирани активности. Остварени се шест самостојни изложби, книжевно-поетска вечер, неколку предавања за јазикот, средби со многу делегации од Република Македонија. Редовно се одвиваше дополнителната настава, во Лекторатот по македонски јазик беа вклучени 190 студенти, проф. Калоѓера е прогласен за почесен конзул на РМ во Риека, одржана е хуманитарна акција за Домот “Св. Ана” која го следи делото на покојниот Тоше Проески, многу културни манифестации, Св. Кирил и Методиј, Илинден во Голубињак, 11 октомври. Во минатата година изведени се 95 активности, или по 8-9 месечно.

Собранието продолжи по дневниот ред: извештај за работата на Друштвото, за финансиските трошоци и извештај на Судот на честа, кои беа едногласно прифатени. Следеа неколку измени на Статутот на друштвото кои ќе овозможат да се поедностави работата во друштвото, а врз основа на долгогодишното искуство во спроведување на Статутот. Особено важни измени се во правата на гласање, плаќањето на членарината, одлуките на Собранието од 30%, а не 50% од присутните, Управниот одбор од 9 члена на 7, промени во членот 28. за Судот на честа и неколку статутарни јазични преформулирања. Измените едногласно се изгласани.

Исто така, доста детално беше претставен годишниот План и програма за работата на Друштвото, кои и оваа година опфаќаат многу активности. Постои страв во врска со финансиската поддршка која оваа година од сите извори е намалена. За некои неостварени програми (етно работилница и спортска секција), Собранието одлучи да направи измена во Управниот одбор. Беше избран Биљан Давчев, кој ќе биде задолжен да ја анимира спортската секција.

Во последната точка разно, беа поставени неколку прашања во врска со изградба на Културно-духовен центар, работата на конзулатот, работата на канцеларијата, помошта на немоќните и болни членови, доброволни прилози за манастирот Бигорски, за телевизиската програма на Македонската телевизија и др.

Собранието заврши со програма на пејачката и музичката секција од петнаесеттина минути, а потоа следеше веселба и разговори меѓу бројното членство кое присуствуваше на Собранието.

В. Настески

## Хрватите заинтересирани да инвестираат во Струмица

"Постои интерес кај хрватските компании за инвестирање во Струмица и во Македонија воопшто, што се должи на добрата политичка и економска соработка меѓу двете пријателски земји, но и на поволностите што вашата земја им ги нуди на странските инвеститори за изградба на стопански капацитети. Струмица е интересна за инвестирање не само како развиен земјоделски регион, туку и како привлечна дестинација за многу други стопански области, кои се надевам дека во иднина ќе бидат соодветно искористени од хрватските компании, изјави амбасадорот на Република Хрватска во Македонија, Иван Кујунџиќ, за време на неговата посета на Струмица.

- Подготовките и процедурите за изградба на откупнодистрибутивниот центар на хрватската компанија "Агрокор" во Струмица се во тек и се одвиваат по нагорна линија. Но не само "Агрокор", туку и други реномирани хрватски компании се заинтересирани за соработка и за инвестирање во Струмица. Се надевам дека посетата на хрватскиот амбасадор на Струмица ќе придонесе за уште поголема соработка меѓу нашите фирми и одредени компании од Хрватска, рече по средбата со Кујунџиќ градоначалникот на Струмица Зоран Заев.

МИА

## Кратки вести од Осиек

**8 април 2010 година** – Претставници на МКД "Браќа Миладиновци" Осиек учествуваа на тркалезната маса под наслов "Помирувањето како нужен предуслов за Западниот Балкан на неговиот пат кон ЕУ" во организација на Агенцијата за локална демократија од Осиек и Центарот за мир, ненасилство и човекови права. На еднодневната манифестација една од темите беше и положбата на малцинствата во земјите од Западниот Балкан, а свои излагања имаа претставници на различни организации и здруженија од Суботица, Мостар, Ниш, Сисак, Загреб и Осиек. Општиот заклучок беше дека одредени чекори се постигнати во однос на остварување на правата на малцинствата и заштитата на нивниот идентитет, но дека уште има простор за реализација на постојната законска регулатива.

**10 април 2010 година** – МКД "Браќа Миладиновци" го посетија претставници на организацијата "Лајт хаус Волверхемптон медија центар" од Волверхемптон, Англија, при што оствариja средба со претседателката на Друштвото Јагода Цветичанин, потпретседателот Крсте Атанасовски, водителката на "Бисерчиња" Сања Бузачиќ и членката на УО, Јулијана Тешија. Во разговорот беше истакната можноста за снимање на дел од активностите на Здружението на почетокот на мај 2010 година. Овој кус приказ ќе биде дел од 15-минутниот филм за националните малцинства во нашата Жупанија што овој тим го работи во рамките на проектот на Асоцијацијата на агенции за локална демократија за градовите Мостар, Суботица и Осиек.

**11 април 2010 година** – Шеснаесет претставнички на кулинарската работилница на МКД "Браќа Миладиновци" облечени во народни македонски носии гостуваа на втората по ред манифестација "Велигденска маса" во Подгорач. Нашето претставување беше прекрасно: македонско јагне печено на традиционален начин, ѓевречиња со сусам, слатки од различен вид (полна маса), шарени велигденски јајца во украсена кошница, па не беше случајно што го освоивме првото место.

**24 април 2010 година** – Членката на МКД "Браќа Миладоновци", Јулијана Тешија, водеше работилница "Идентитети, вери, традиции" со 16 млади Роми од Осиечко-барањската жупанија во рамките на проектот на соработка со невладината организација "Извор" од Тења. Работилницата имаше одлични резултати.

**25 април 2010 година** – Се одржа годишното Собрание на МКД "Браќа Миладоновци" во Осиек. Покрај претставувањето на работата на Друштвото во текот на минатата 2009 година и дискусиите околу планот и програмата и буџетот за 2010 година, на Собранието беа избрани три нови члена на Надзорниот одбор, а на Управниот одбор му се приклучи Саша Атанасовски од Вуковар.

Ј. Тешија

## Дожд и разнобојни носии за "Цветници 2010"



**Осиек**: Саботата на 27 март 2010 годинава, Осиек осамна со повремен дожд и студен северен ветер. Сепак, тоа не ги спречи бројните здруженија на национални малцинства да ги изложат своите ракотворби, носии, накит, специјалитети и Велигденски обичаи на најубав можен начин на овогодинешната манифестација "Шарени јајца во боите на градот", на плоштадот "Анте Старчевиќ".

Меѓу нив, овој пат со пет штандови (што е повеќе од кога и да било претходно) се претстави и МКД "Браќа Миладиновци" од Осиек со изработките на етно работилницата "Везилки", кулинарската секција и детските секции "Бисерчиња" и "Мал Танец".

Како и секогаш, сè почна во 10 часот. И, како и секогаш, најлесно можеше да се препознае каде е штандот на Македонците, ако само се следи толпата: онаму каде граѓаните на Осиек од сите "бои" стојат во најголем број – таму се македонските јадења. А нив ги имаше од сите врсти, солени и слатки, пити и баклави, со незаменливото тавче-гравче. Изложбата на етно работилницата која беше од десната страна на кулинарската секција, се покажа во најубава светлина: рачно изработениот накит и старите ракотворби беа одличен приказ како новото и старото успешно се надополнуваат во креациите на вредните раце на членките на секцијата. Од левата страна пак, беа најмладите: нивниот штанд беше разигран, весел и преполн со шарени обоени јајца, картички – писаници со велигденски мотиви, украси, чаши со македонското знаме исцртани од детските раце на вредните членови на "Бисерчиња". А дека тие се навистина бисерни, се покажа и во нивниот настап. По полчасовно чекање на студениот ветер, единаесетте членови на "Малиот Танец" се разиграа на сцената, ги стоплија срцата и го украсија настанот со своите ора. Собраа големи аплаузи, ама брзо избегаа од сцената да се згреат во прегратките на своите родители!

Ј. Тешија

## "ЛЕНКА" ВО ПРОЛЕТНО ИЗДАНИЕ



**Пула**: Барем оваа година, според општото мислење кај нас во Пула, поради лошото снежно и дождливо време, зимата благо се продолжи дури до Први Мај, па неговото одбележување го прифативме како еден од најубавите денови на вистинската пролет. Без оглед дали има политичка, социјална, синдикална конотација, едно е сигурно – празнувањето на Први Мај е традиционално во Пула и се обележува со културно забавен програм и етно смотра на домаќините и другите националните малцинства.

На покана од организаторите на прославата, оваа година МКД "Кочо Рацин" од Пула се претстави со нова постава на пејачката група "Ленка" подготвена и под водство на од порано позната и мошне успешна водителка, искусен музички педагог и во последно време андрагогиња, кореографка и корепетиторка, Снежана Јанева. Овој пат, изборот на гардеробата беа машки и женски народни носии од Повардарието, како и песните од овој дел на Македонија со кои настапи "Ленка", предизвикувајќи, како и секогаш, големи аплаузи и симпатии. Забелешка на водителката Снежана Јанева беше, дека со пеењето нема проблеми, но сериозноста и дисциплината ќе се стават во прв план, а преземените обврски сериозно ќе се исполнуваат.

Конферансата на прославата ја водеше Михаела Златеска, а потоа претседателот на МКД "Кочо Рацин", Тодор Брдарски, сите присутни членови ги покани на првомајска закуска подготвена на скара.

Р. Димовски
Фото: Боби Димовски

## МАКЕДОНЦИ НА 11. ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО ШАХ

**Риека**: Годишново Поединечно европско првенство во шах се одржа во Риека. Со првиот симболичен потег градоначалникот на Риека, Војко Оберснел, со големата фигура, во срцето на новоотворената заметска шаховска арена, на 5 март го отвори 11. Поединечно европско шаховско првенство, кое траеше до 18 март. По многу нешта единствен и досега најјак шаховски настан во Хрватска, ги урна сите рекорди, по мислење на челните луѓе на шахот.

Риека, градот со богата шаховска традиција, ги угости 590-те натпреварувачи од 41 европска земја, меѓу кои и македонските шахисти. На првенството настапија 425 шахисти и 165 шахистки, од кои 9 велемајстори со рејтинг преку 2700 бодови и 95 со преку 2600 бодови, а кај женските настапија 27 најдобри европски шахистки.

Од Македонија на првенството настапија само два млади шахиста, прилепчанецот Роберт Велески и Филип Панчевски од Скопје. Нас Македонците и тоа нè израдува, особено кога на отворањето меѓу бројните знамиња се вио-



*Роберт и Филип пред настапот на шаховското првенство*

реше и нашето сончево знаме. Во големата шаховска арена меѓу многубројните шахисти тешко беше да се забележат Роберт и Филип. Нивните резултати не беа врвни, но беше чест да се биде меѓу 590 учесници. Веројатно овој настап многу ќе им значи. Сигурно многу научија дружејќи се со врвните европски мајстори, но исто така ќе однесат нешто ново во Македонија, што многу ќе значи за македонскиот шах.

По последната 11. партија Роберт се најде на 182 место, со освоени 5,5 бода, а Филип на 280. место со освоени 5 бода. Насловот го освоија рускиот шахист Непомниачин Јан и Швеѓанката Пиа Крамлинг.

В. Настески

## РАЈКО ЖИНЗИФОВ – ПРВИОТ БИОГРАФ НА МИЛАДИНОВИ

**Риека**: Во рамките на годишниве програмски дејности на МКД "Илинден" планирани се бројни културни настани, меѓу кои и запознавање со творците на македонското писмо, јазикот и литература. Една од најголемите тврдини на македонскиот јазик во минатото секако биле манастирите, сè до појавата на македонските просветителски писатели Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ, кои ги формирале првите училишта на македонски јазик. Во втората половина на 19. век, во преродбенското движење се јавуваат браќата Миладинови, Партеније Зографски, Кузман Шапкаров, Григор Прличев, Марко Цепенков и многу други, книжевни и културни дејци. Еден меѓу нив секако е и Рајко Жинзифов.

На 17 март годинава, во просториите на македонското малцинство во Риека, проф. д-р Васил Тоциновски одржа предавање за еден од претставниците на македонската преродба, Рајко Жинзифов (1839-1877). Роден е во Велес, а починал во Москва. Бил помошен учител на Димитар Миладинов во Прилеп и Кукуш. Во 1859 година заминал во Русија, каде го продолжува школувањето на Историско-филошкиот факултет. До крајот на својот живот останува таму и работи како професор на една од тамошните гимназии.

Рајко Жинзифов, како што во своето предавање истакна проф. Тоциновски, животното творештво го остварува со уметничкиот расказ "Прошедба", преведува руски поети (Пушкин, Лермонтов – Слово о полку Игорове), од Украинецот Шешченко (Кобзора), а исто така, преведува од македонски и бугарски на руски. Соработува во многу руски списанија, во кои особено ја претставува тешката положба

на Јужнословенските народи под турското ропство. Жинзифов ја напишал првата биографија за браќата Миладиновци. Во своето излагање Тоциновски говореше за Жинзифов како биограф на Миладиновци, при што понудил многу податоци во намерата за воведување на народниот, струшко-охридскиот говор, во наставниот процес што сигурно укажува на бавниот, но вистинскиот пат кон македонската опција како единствена опција. Жинзифов пишува за Димитровите посети кај селските и месни усни пејачи и од нив запишувал народни песни, поговорки, се впуштал во географски истражувања, бележел кои се села турски, а кои македонски, патишта, имиња на планини, бројност на жителите во селата... Потоа наведе: “Зарем тоа би го работел човек во кој не горел огнот на националниот пламен, човек кој ги барал одговорите на науката да ја дефинира Македонија како земја, а Македонците како народ”. На крајот од своето предавање проф. Тоциновски за Жинзифов истакна многу негови трудови во кусиот животен век, за контактите со Кузман Шапкаров, за односот со третиот брат Наум на Миладиновци, кој исто така има не мало место во македонската литература.

В. Настески

## ЛЕТЕН СЕМЕСТАР ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК



**Риека**: Со циклусот од првите четири предавања по предметот Македонски јазик, одржани на 15 март годинава, Лекторатот по македонски јазик и литература на Филозофскиот факултет во Риека го започна летниот семестар во академската 2009/2010 година. Тоа е трета генерација на студенти кои во рамките на предметот Словенски јазик го изучуваат македонскиот јазик во овие две учебни години. Нивниот број од 87 студенти потврдува дека интересот за македонистичките предмети и натаму е извонредно голем. Тоа се студенти од вториот, четвртиот и шестиот семестар. На традиционалниот Меѓународен семестар за македонски јазик, литература и култура при Универзитетот “Св. Кирил и Методиј” во Скопје, кој се одржува во месец август во Охрид, ќе учествуваат и студентите Ива Чрнар и Маша Црногорац.

Втора генерација на 91 студент од четвртиот и шестиот семестар од 16 март го посетуваа предметот Монографски пристап на теми од современата македонска литература. Во него низ предавања и семинарски работи се обработуваат одделни автори и дела кои оставиле трајни траги во македонската книжевност. Тоа се поетите Кочо Рацин, Блаже Конески, Ацо Шопов, Гане Тодоровски, Анте Поповски, Ристо Ѓ. Јачев, романсиерите Славко Јаневски, Владо Малески, Петре М. Андреевски, драмските автори Коле Чашуле, Томе Арсовски, Петре Бакевски, Горан Стефановски и Јордан Плевнеш и од областа на книжевната историја и критика Харалампие Поленаковиќ и Димитар Митрев. Со свои предавања ќе настапат и професорите Горан Калоѓера, Максим Каранфиловски и Дарко Гашпаровиќ. Според искажувањата на неговиот раководител, редовниот професор Васил Тоциновски, во разновидните форми и содржини се вклучени и неколку кратки документарно-играни филмови за одредени теми кои несомнено ќе ги прошират и зболатат знаењата и интересот на студентите.

В. Настески

## СПОГОДБА МЕЃУ ФИЛОЛОШКИТЕ ФАКУЛТЕТИ ОД СКОПЈЕ И РИЕКА



**Риека**: Деканите на Филозофскиот факултет од Риека и Филолошкиот факултет “Блаже Конески” од Скопје, д-р Предраг Шустар и д-р Максим Каранфиловски, на 30 март годинава потпишаа Спогодба за соработка меѓу факултетите на двете земји. Целта на Спогодбата е размена на студенти, соработка на научните собири, размена на книги и, според зборовите на д-р Каранфиловски, сето она што е во согласност со европскиот систем на студирање. “Интересот за студирање во Хрватска е голем”, нагласи деканот од Скопје, “но бројот не е важен – важно е македонските студенти кои студираат во Македонија и хрватските во Хрватска, не само на Кроатистика и Македонистика, да можат да ја користат оваа мобилност, да ја посетуваат Македонија и обратно, и да ја зацврстуваат соработката”.

Спогодбата е потпишана во присуство на амбасадорот на РМ во РХ, Н.Е. Данчо Марковски, Н.Е. д-р Горан Калоѓера, почесниот конзул на Македонија во Риека и д-р Васил Тоциновски, водител на Македонскиот лекторат при Филозофскиот факултет во Риека.

Деканот Шустар за оваа соработка го истакна придонесот на проф. Калоѓера, што беше пресуден, затоа што тој со помош на своите соработници јасно ја зацрта насоката и успешно ја интензивира соработката.

Риечкиот и скопскиот факултет соработуваа со години, потсети д-р Шустар. Имено, по потпишувањето на универзитетскиот договор, прв успех е Меѓународниот научен собир за хрватско-македонските книжевни и културни врски во 2006 година, а две години подоцна Институтот за македонски јазик и литература го издаде првиот зборник на научни трудови на истите теми кој го подготвија д-р Калоѓера и д-р Борислав Павловски, додека соработката продолжи и со размена на стипендисти.

- Лекторатот по македонски јазик и книжевност е логичен континуитет на добра и квалитетна соработка. Во-

дителот на лекторатот д-р Васил Тоциновски, реномиран книжевник и публицист, ја води веќе втората генерација студенти. Тие имаат прилика и за натамошно усовршување за знаењето на јазикот и културата преку разменските стипендии, можност за учество на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура, и на научната конференција за млади македонисти односно слависти во организација на Скопскиот универзитет. Убеден сум, со нашава Спогодба за соработка, но и со досегашните спогодби со кои добивме дополнителна потврда, дека нашата академска соработка ќе се прошири на сите нивоа и на останатите катедри на Филозофскиот факултет во Риека, рече Шустар.

Професорот Каранфиловски ги посети и риечките Македонци во нивните простории, каде во пријатна и отпуштена атмосфера се зборуваше за дејностите, но и за животните услови на Македонците во Риека.

В. Настески

## ГОСТУВАЊЕ ВО БОСАНСКА КРУПА



**Загреб**: На покана од КУД "Уна" од Босанска Крупа, БиХ, на 10 април годинава МКД "Охридски бисер" од Загреб гостуваше со своите секции на прославата по повод 6-годишнината од основањето на друштвото-домаќин. По пристигнувањето во тоа прекрасно мало гратче сместено на обалата на реките Уна и Крушница, членовите на МКД "Охридски бисер" беа срдечно дочекани од директорот на Домот на културата, Салих Сулејмановиќ, кој ги запозна со историјата на градот и неговите знаменитости, па ги поведе во кусо разгледување на околината. Потоа, домаќините ги угостија со своите врвни босански специјалитети за кои нашите членови имаа само пофалби.

На почетокот на програмата гостите ги поздрави претседателот на КУД "Уна", Хусеин Османагиќ – Црни им посака пријатна вечер и добра забава. МКД "Охридски бисер" се претстави со пејачката група "Моми бисерни" под водство



на Лидија Докузовиќ, кои ги отпеаја македонските народни песни "Елено моме", "Брала мома капини", "Зурли трештат на сред село" и "Битола", и фолклорната група "Китка" под водство на Воислав Трајковски, кои настапија со песни и сплетови на ората "Одено", "Чупурлика" и "Циганчица" од источно-пиринска Македонија. За својот настап, Македонците беа наградени со громогласен аплауз, а домаќините им подарија и благодарница за спомен и долго сеќавање.

Свечената прослава беше организирана во Домот на културата во Босанска Крупа, а покрај МКД "Охридски бисер", настапија и КУД "Петефи Шандор" од Вуковар, бендот "Боск" и домаќините со сплет песни и ора, рецитали и хуморески. Беше подготвена и богата томбола, а добро расположените гости продолжија да се забавуваат до раните утрински часови.

Е. Петровска

## МАКЕДОНСКИ СЛИКАРИ И ПОЕТИ ВО ЗАДАР

**Задар**: Од 7 април до 5 мај годинава, во Задар и неговите околни места, се одржаа Жупаниски денови. Во рамките на разни културни манифестации, како гости беа и Македонци од Штип: сликари, писатели, заменикот на градоначалникот на Штип и директорката на "Националната библиотека".

Сликарите беа учесници на меѓународната сликарска колонија, која се одржа во Бањ, на островот Пашман, а на која настапија 26 сликари од Хрватска и странски земји. Претставници на Македонија беа Јордан Ефремов и Боре Минов. Потоа, Колонијата сликари се премести во Задар, каде продолжија да ги создаваат своите дела. Јордан Ефремов како мотив ја избра "Градската стража", а Боре Минов "Народниот трг".

Делата на македонските сликари беа изложени во музејот "Народни трг" во "Градска ложа", а изложбата ја отвори жупанот задарски, Стипе Зрилиќ. Сликарите од Македонија беа восхитени со пејзажите на Задар и островите, и беа задоволни со учеството во оваа колонија.

По изложбата, која навистина беше многу посетена, во "Научната библиотека" во Задар се одржа средбата на задарските и македонски поети која ја отвори Томислав Маријан Билосниќ, поет, сликар и новинар, при што рече дека му е исклучителна чест што има можност да прикаже барем дел од творештвото на македонските поети.

Македонците од Штип, покрај членовите на МКД "Билјана" и претседателката Мирјана Мајиќ, ги дочека и претседателот на Заедницата на Македонците во Република Хрватска, Ангел Митревски.

Вечерта започна со македонска музика, при што нè восхити квартетот кларинет на "Билјана". Потоа, своите стихови ги читаше Трајче Кацаров, кој освен што пишува поезија е и идеен основач на списанието СУМ 64, а воедно и негов уредник. А замислете – и директор на театарот во Штип. Трајче Кацаров меѓу другото рече дека Македонците настојуваат што повеќе да научат за хрватското минато, историјата и културата воопшто, бидејќи и едните и другите потекнуваат од словенски корени.

На овој настан присуствуваа Трајче Кацаров, Војо Маневски (поет и новинар, но и заменик на градоначалникот на Штип), Вилма Јованова, Миро Грубниќ, Томислав Маријан Билосниќ, Роко Добра, Абдулах Сеферовиќ Сефи, и Еми Лнгин како поетеса која пишува на македонски и хрватски јазик. Поезијата течеше во еден здив, без пауза, и заврши толку бргу затоа што сè беше убаво.

Дружењето продолжи во просториите на МКД "Билјана", со добра македонска песна.

Е. Лонгин

## Сите бои на националните малцинства



**Осиек**: По повод Денот на Европа, на 8 мај годинава во Вуковар на плоштадот “Фрањо Туѓман” се одржа “Денот на националните малцинства на Вуковарско-сремската жупанија”, во организација на Координацијата на национални малцинства на оваа жупанија.

МКД “Браќа Миладиновци”, иако од друга жупанија, на оваа прослава зеде учество на покана на претставникот на македонското национално малцинство на Вуковарско-сремската жупанија, Бранко Атанасовски, воедно и член на Надзорниот одбор на МКД “Браќа Миладиновци” од Осиек. Како што истакна претседателката на друштвото, Јагода Тренеска-Цветичанин, на оваа прослава Македонците имаа прилика не само да уживаат во својот настап, туку и да се претстават пред македонскиот амбасадор во РХ, Н.Е. Данчо Марковски.

Инаку, МКД “Браќа Миладиновци” во Вуковар се претстави со своите танцови групи: ТАНЕЦ-сениори и ТАНЕЦ-јуниори, при што добија големи аплаузи од присутната публика. Исто така, Осјечаните воодушевија и со специјалитетите од македонската традиционална кујна, што ги подготвија членките на Друштвото.

Ј. Тешија

## Одбележани Илинден, Крушевската република и Гоце Делчев во Осиек

**Осиек**: На 8 и 15 мај годинава учениците по македонски јазик и култура од Осиек учеа за Илинденското востание и Крушевската република, при што ја одбележаа годишнината од смртта на Гоце Делчев.

На интерактивната презентација со слајдови се запознаа со идејата на востанието, тогашната состојба во Македонија, визијата на Гоце Делчев, активностите на Никола Карев, борбите во крушевско, значењето на Крушевската република, првата република на Балканот во 1903 година. Потоа собираа слики, боеја и го цртаа Гоце Делчев, црешовото топче и знамето на Крушевските комити, украсувајќи ја училишната табла со сите најважни моменти од Илинденското востание.

Автори на завршната презентација беа Лана, Јосипа, Лаура, Патрик, Анамарија и Давид. На фотографијата можете да погледате што направија нивните вредни и креативни раце.

Ј. Тешија



## Премиерот Груевски во Загреб

Претседателот на Владата Никола Груевски на регионалната средба на шефови на влади на маргините на годишното 19. Собрание на Европската банка за обнова и развој што на 13 мај годинава се одржа во Загреб оствари неколку билатерални средби.

Претседателот на Владата на Р. Македонија, Н. Груевски, најнапред оствари средба со помошникот на државниот секретар на САД, Филип Гордон, која помина во пријателска и конструктивна атмосфера. На средбата се разговараше за европската перспектива на Македонија и регионот, како и за стратешкото партнерство на Р. Македонија и САД кое е од исклучително значење за развојот на взаемните односи и за самиот развој на нашата држава. Претседателот Груевски го информираше својот соговорник за реформите и модернизацијата кои македонската влада ги спроведува во насока на достигнување на европските и евро-атлантските стандарди. Воедно, претседателот на Владата ја искажа и фокусираноста за доследно спроведување на Охридскиот рамковен договор, како и посветеноста за изнаоѓање решение за прашањето за името. На средбата стана збор и за економската состојба во Република Македонија и регионот, односно за предизвиците и перспективите на идниот економски развој.

Претседателот на Владата на Република Македонија, Никола Груевски, потоа имаше работна средба со хрватската премиерка Јадранка Косор, на која беше заклучено дека меѓу Македонија и Хрватска владеат одлични политички односи. На средбата, помеѓу другото, беше нагласено и дека отворени прашања меѓу двете земји нема, а Хрватска како и досега ќе ја поддржува Македонија во промоцијата на македонскиот интерес. Во Загреб македонскиот премиер оствари средби и со неговите колеги премиери на Босна и Херцеговина, Никола Шпириќ, на Црна Гора, Мило Ѓукановиќ и на Албанија, Сали Бериша.

## Република Македонија претседава со Комитетот на министри на Советот на Европа

На 11 мај 2010 година Македонија го презеде претседавањето со Комитетот на министри на Советот на Европа. Шестмесечното претседавање со извршното тело на најстарата паневропска организација, во Палатата на Европа во Стразбург формално му беше предадено на шефот на македонската дипломатија, Антонио Милошоски, од досегашниот претседавач, министерката за надворешни работи на Швајцарија, Мишлен Калми Реј.

Комитетот на министри ги прифати именувањето “Македонско претседателство 2010” и логото, како што беше предложено во официјалниот документ доставен од Министерството за надворешни работи на Република Македонија за приоритетите на македонското претседавање со Комитетот.

Министерот Милошоски на 120. сесија на Комитетот на министри на СЕ ги претстави приоритетите на “Македонското претседателство 2010”. Министрите присутни на сесијата го поздравија претседавањето од страна на Македонија и изразија надеж дека активнос-

тите ќе бидат успешно реализирани. По претставувањето на приоритетите на македонското претседателство, алтернативниот шеф на грчката дипломатија Димитрис Друцас искажа протест за именувањето македонско претседателство.

## Македонскиот амбасадор во Хрватска во Вуковар

По повод 65-годишнината од Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа, делегација на Амбасадата на Република Македонија во Република Хрватска, предводена од амбасадорот Данчо Марковски, на 8 мај годинава присуствуваше на свечености што беа организирани во градот Вуковар. Во рамките на оваа прослава, делегацијата положи венец и оддаде почит на партизанските гробишта во Шаренград, каде што се погребани загинатите борци од 48. Македонска дивизија.

Македонскиот амбасадор во Хрватска, во Вуковар имаше и пригодно обраќање на свечената Академија организирана по повод Денот на победата над фашизмот и Денот на Европа, 9 мај.

## Есма Реџепова одликувана со "Орден за заслуги за Македонија"

"Би сакала сите да ја гледаат Република Македонија преку моите очи, бидејќи моите очи се космополитски. Нека живее оваа мала, но убава Македонија", изјави естрадната дива Есма Реџепова-Теодосиевска, откако претседателот на државата Ѓорге Иванов ја одликуваше со "Орден за заслуги за Македонија".

- Со својата автентичност, оригиналност и перфектна вокална изведба, Есма ја афирмираше македонската и ромската музика во светот, израснувајќи во маркантно интернационално музичко име, рече Иванов.

Орденот за заслуги Реџепова-Теодосиевска, како што посочи, го добива за афирмирањето на Република Македонија, за нејзината музичка големина и за нејзината хуманитарна дејност.

Ромската кралица, како што популарно ја нарекуваат пејачката Есма Реџепова-Теодосиевска, изјави дека орденот е заслуга на граѓаните и оти тој им припаѓа и ним, бидејќи без нив таа немаше да го постигне овој успех.

- Ова е признание за сите граѓани, за сите националности кои живеат во Република Македонија, рече Есма заблагодарувајќи им се исто така и на медиумите, кои секогаш ја поддржуваа.

Есма Реџепова-Теодосиевска, истакнат естраден уметник и хуманист, е родена на 8 август 1943 година во Скопје. Потекнува од ромско семејство. Во нејзиното семејство песната, музиката и фолклорот се секојдневно присутни и се дел од семејната традиција. На единаесетгодишна возраст учествува во популарната емисија на радио Скопје "Микрофонот е Ваш" и ја освојува првата награда, каде ја забележува Стево Теодосиевски, во тоа време корепетитор на програмата на радиото, па Есма започнува да работи со оркестарот Теодосиевски. Првиот настап во странство е во театарот "Олимпија" во Париз.

Низ домот на Есма и Стево поминале 47 деца кои биле израснати и воспитани во традиционален дух достојно да ги наследат своите родители. Покрај создавањето на вака бројно музичко семејство, Есма Реџепова-Теодосиевска и ансамблот "Теодосиевски" имаат одржано повеќе од 2000 хуманитарни концерти, како и спроведено повеќе хуманитарни активности и донации, од кои би се издвоила донацијата направена за градот Скопје "Домот на хуманоста и музејот на музиката на Есма и Стево Теодосиевски".

## Сто и седум години од смртта на Гоце Делчев

Со панихида на гробот на Гоце Делчев во црквата Свети Спас во Скопје на 4 мај годинава беа одбележани 107 години од загинувањето на идеологот на македонската револуционерна борба. Цвеќе на гробот на Делчев положија претседателот Ѓорѓе Иванов, делегација на Владата предводена од премиерот Никола Груевски, делегација на Собранието предводена од потпретседателот Светлана Јакимовска, делегација од Министерството за одбрана предводена од министерот Зоран Коњановски, како и делегации на локалната власт, научно-образовните и културните установи и граѓански здруженија. Свежо цвеќе положи и внуката на Гоце Делчев, Катерина Нурџиева.

Во Собранието на Република Македонија беше врачена наградата "Гоце Делчев" – државно признание за значајни остварувања во областа на науката. Годинашни добитници на наградата се проф. д-р Тодор Чепреганов, д-р Ѓорѓи Чакарјаневски, д-р Васил Јотевски и д-р Ванче Стојчев за трудот "Историски атлас на Македонија", доц. д-р Златко Левков за трудот "Амфора во поширока смисла" и проф. д-р Тодор Серафимовски за трудот "Генеза на рудни наоѓалишта".

Визионерот Делчев, кој пред повеќе од еден век го разбра светот како поле за културен натпревар на народите, беше убиен од турската војска на 4 мај 1903 година во селото Баница, на пат кон Сер.

## Македонските туристички потенцијали презентирани во Загреб

Македонските туристички потенцијали на 28 април годинава во Загреб беа презентирани пред туроператорите од Хрватска. Презентацијата, која првпат се организира во Хрватска, а на која беа присутни 30-тина туроператори од Хрватска, беше во организација на македонската Амбасада во Загреб и Агенцијата за промоција на туризмот.

Хрватските туроператори информираа дека секоја година сè повеќе туристи од Хрватска патуваат за Македонија, а воедно голем е бројот на регионални патувања преку Црна Гора и Албанија. На презентацијата е договорено е да се организираат ФАМ тури со значајни туроператори од Хрватска да дојдат во Македонија каде на лице место ќе се запознаат со нашите туристички потенцијали.

Подготвила: М. А. Вујаклија

# ДОМ НА БОГА, ДОМ ЗА СИТЕ НАС

***Купено градежно земјиште за изградба на Македонска православна црква во Загреб***



*Legenda strana 13, slika 1*



*Legenda strana 13, slika 2*

**Загреб**: Еве се исполни долгогодишната желба на сите нас Македонци кои живееме во Република Хрватска да си купиме земјиште во Загреб и да си изградиме своја Македонска православна црква, дом на Бога, дом за сите нас. Покрај Црквата се предвидени и други содржини: канцеларии за состаноци, сала за одржување на духовни и културни настани, библиотека, стан за свештеник, апартман за прием на гости, простории за дружење...

На 19 март оваа 2010 година, Управниот одбор на Македонската православна црковна општина "Св. Злата Мегленска" за 1.434.000,00 куни од Град Загреб купи 711 м2 градежно земјиште, кое се наоѓа во населбата Кнежија, на улиците "Загребачка Авенија" и "Нова Цеста", за изградба на Црква и пасторален центар.

Сега молиме за помош. Од секаков вид, за почнувањето и градењето на објектот, со донирање финансиски средства, со помагање и со молитва. Секоја и најмала помош е добредојдена. Колку поскоро ќе го започнеме и завршиме ова богоугодно дело, зависи од сите нас Македонци, од нашите даренија и од нашата вера.

Црквата не е само храм изграден од камен, црквата е соборот на личностите во неа собрани на Света Литургија во заедница со Телото и Крвта на Христа Бога. Кога градиме црква, сите ние се вградуваме во неа како живи камења. Ако се вградиме, ќе кажеме, градејќи ја црквата, таа нè изгради нас како охристовени личности. Само ако така ја сфатиме градбата црквата ќе ја чувствуваме како своја. Ќе можеме на идните генерации да им кажуваме за нашето добро дело, да им кажуваме и со право да се пофалиме дека сите ние со заеднички сили сме го изградиле храмот, а тие, пак, од благодарност кон своите предци да го сочуваат низ сите векови. Но, поважно од тоа е што нашите имиња ќе бидат запишани на небесата и што, секогаш кога и да се богослужи во неа, народот предводен од свештенството ќе вознесува молитви кон нашиот Бог Света Троица во кои ќе си спомнува за ктиторите, дарителите, украсителите и помагачите на овој свет храм.

Доброволните прилози можете да ги уплатите на жиро – сметка: 2360000-110-1569965 при Загребачка банка; ул. Масарикова 16/1, 10 000 Загреб, или во канцеларијата на истата адреса.

Со надеж дека Вашите даренија од срце нема да изостанат, ве поздравувам и посакувам благослов од Бога.

Нашата заштитничка Света Злата Мегленска да нè има во своите молитви пред воскреснатиот Христос за што поскоро започнување и успешно завршување на градбата. А, особено Пресветата, Пречистата Славна Владичица наша Богородица, Онаа која е поширока од небесата, Онаа Која е храм во кој се всели Бог Словото и од Која се роди спасителот наш Исус Христос, молитвено да се застапува за нас пред Бога.

Вашиот парохиски свештеник,
Кирко Велински

# Игор Костовски, директор во “Шибенска лука”
# Далматинец со македонски корени

*По мајка Хрват, по татко Македонец. За Македонија вели дека ја чувствува во своите гени и темпераментноста на луѓето. Костовски целиот живот го поминал во Хрватска каде работел и работи на челни позиции како генерален директор, потоа технички директор и директор за развој во една од успешните хрватски фирми “Шибенска лука”.*



*Игор Костовски со сопругата Ружица*

**Игор Костовски**, Далматинец со македонски корени. Вака би можеле да го дефинираме директорот во една од познатите и успешни хрватски фирми “Шибенска лука”. Тој веќе неколку децении живее во Шибеник, каде постојано е на челните позиции, најнапред како генерален директор, потоа како технички директор, а сега раководи во секторот за развој на фирмата “Шибенска лука”. Неговата животна приказна е испреплетена со Македонија, бидејќи татко му е Македонец. Но, Игор Костовски целиот свој живот го поминал во Хрватска.

Роден е во Сплит, во 1950 година, а детството го поминал на прекрасниот остров Вис, од каде потекнува мајка му. Заедно со нона и ноно почнал да ги открива првите животни тајни. Кога патем во животот ќе се најдел во ситуација некој да го праша од каде ти во Хрватска, кога си дошол овде (препознавајќи го по презимето), Игор ќе искоментирал: “Јас сум влегол во море многу пред тебе, така да немој да ме прашуваш кога сум дошол, бидејќи овде сум роден и овде сум израснат.”

Тој вели дека во Хрватска во круговите каде тој се дружи никогаш немал проблем со презимето или неговото македонско потекло.

Татко му Лазар, како воено лице (мајор на ЈНА) бил распореден на служба на Вис. Таму ја запознал љубовта на неговиот живот – Катја. За жал, тој починал во 1992 година, а неговата сопруга сега живее во Сплит. Таа ги родила Игор и неговиот десет години помал брат, кој е поморец. Израснати на море и двајцата синови одбрале професии врзани за море. Игор е инженер по машинство, а целиот професионален век му е поврзан со бродоградилишта.

- Македонија ја чувствувам во моите гени, таа темпераментност на луѓето. Јас во војска бев во Скопје, во касарната “Маршал Тито”. Таму, секоја вечер моравме да гледаме вести, а јас иако со македонско презиме, не го знаев македонскиот јазик. Некои од војниците моите колеги мислеа дека се правам “на удрен”, но подоцна им беше јасно дека ја зборувам вистината. Но, за кратко време сосема почнав да разбирам македонски, иако до ден денеска не знам да го зборувам тој јазик, вели Костовски.

Тој е семеен човек, има сопруга Ружица, која е директор на фирмата “Лемакс”. Имаат две деца – ќерка Лена и син Мате. Лена живее во Шибеник и има отворено Геодетско биро, додека пак, незиниот брат Мате, по студиите за информатика останал во Загреб и сега работи во “Лемакс”, биро кое се занимава со информатика, односно изработка на веб сајтови на фирми. Тие нудат имплементација на дигитални деловни решенија, осмислуваат, советуваат, проектираат и имплементираат интегрирани целосни решенија за електронско работење базирани на информациски и комуникациски технологии. Игор во шега вели дека Мате Костовски е комбинација на Далмација по неговото име и Македонија по неговото презиме.

А, Игор Костовски на Вис живеел до својата седма година од животот. Потоа, со семејството се преселиле во Дубровник, па во Задар. Оттаму веќе како семеен човек со двете деца во 1982 година се доселиле во Шибеник.

Врската со Македонија ја чувствува уште од мал, кога со татко му оделе во неговото родно Смоларе, кај Струмица. Братот на Игор, кој е капетан за долги пловидби доста е емотивно врзан за Македонија.

“Тој на свадбено патување со сопругата од сите можни други комбинации ја одбра Македонија. И неговите деца ги носи таму, секогаш кога ќе му се укаже можност за тоа. На синот му го даде моето име, на што особено сум горд”, вели Игор.

Овој успешен човек, со особени симпатии се присети на неговиот животен пат, на неговото потекло, на она што за него во неговиот живот претставуваат Хрватска и Македонија. Со огромно задоволство го прифати разговорот за “Македонски глас”, со надеж дека и натаму во Хрватска ќе сретнува и ќе се запознава со Македонци кои живеат овде, а секако се надева дека ќе ги продолжи посетите на Македонија како што тоа го правел порано.

Милена Георгиевска

# Денот на сесловенските просветители одбележан во Сплит

***Генијалните умови на сесловенските браќа Кирил и Методиј ја создадоа глаголицата и ја ширеа писменоста меѓу Словените, со што им овозможија читање на Светото писмо и служење на богослужба на словенски јазик***





Во чест на 24 мај Денот на сесловенските и македонските просветители Кирил и Методиј, а во рамките на 19. Денови на македонска култура во Сплит се одржа Свечена академија за визионерите кои ги описменија Словените. Настанот го организираа Заедницата на Македонците во РХ, МПЦ "Св. Наум Охридски", Советот на македонското национално малцинство на Град Сплит и жупанискиот претставник на Македонците во Сплитско-далматинската жупанија. Пред бројните гости, Македонското културно друштво "Македонија" се претстави со дел од активностите: пејачката група "Македонија" ги изведе македонските изворни песни "Срце ме боли", "Дафино вино црвено", "Кажи Васке Евгова", "Елено ќерко" и "Тргна ми Ленка", кои беа проследени со искрени аплаузи, а вистинско доживување беше изведбата на песната "За многу години Македонци", при што и публиката запеа со изведувачите. Фолклорната група, пак, предводена од Блага Масачеси, која соработува со осведочениот пријател на македонскиот фолклор Бранко Шеговиќ и Александар Петрески од Охрид, ги изведе импресивните кореографии на "Македонска тресеница" и "Водарки". Облечени во народните носии и кошулите изработени во етно работилницата на МКД "Македонија", тие на сцената го претставија целокупниот македонски колорит.

За улогата на Кирил и Методиј и нивното наследство во светлото на некои нови факти говореше проф. Љерка Апостолска – Ривароли. Задржувајќи се на расправите што долго време се воделе околу глаголицата, таа изнесе неколку тези.

- Расправи се воделе долго време, сè додека не е дешифрирано писмото од каменот на Розетата (Ал Рашид). На својот поход во Египет во 1799 година кој неславно завршил, Наполеон со себе водел научници од различни профили, а меѓу нив бил и Шамполион, кој го пронашол каменот на кој ист текст бил напишан на три писма, со египетски хиероглифи, грчки букви и уште едно писмо кое во тоа време не можело да се дешифрира. Шамполион го дешифрирал египетското писмо по 20 години, но средното писмо. т.н. демотското не можело да биде разјаснето, истакна проф. Апостолска – Ривароли.

Во демотското писмо, односно писмото на античките Македонци биле дешифрирани зборови кои и денес се употребуваат. Така, се наметнува прашањето од каде и како словенски (македонски) зборови се нашле во Египет.

- Знаеме дека Александар Македонски го освоил Египет, го основал градот Александрија со величествената библиотека, која за жал, Римјаните ја запалиле. За свој наследник во Египет го именувал генералот Птоломеј Сотер, од чија династија потекнува и Клеопатра. Истражувањата на македонските автори Бошевски и Тантов покажуваат дека средниот текст на каменот од розетата е напишан на јазикот на античките Македонци, значи со службеното писмо и јазикот на државата со која управувале повеќе од еден век. Обликот на глаголицата се менувал. Но, нејзината задача останала иста: го спасува јазикот, неговите облици, го бележи периодот на нејзиниот развој. Бранејќи го народниот јазик, глаголицата најверојатно и најмногу придонела Македонците, иако се премал народ изложен на разни влијанија на пресилни култури и асимилации да успеат да ја сочуваат својата народност и нејзиниот дух во сите критични историски периоди низ кои поминувал, посочи на предавањето Апостолска – Ривароли.

Рецитал за светите браќа Кирил и Методиј беше организиран од најмладите учесници на академијата, учениците од Македонското училиште во Сплит, кои го негуваат македонскиот збор, култура и музика. Вистинско изненадување за публиката подготви Ксенија Варводиќ која со својот прекрасен глас ја изведе песната "Јовано, Јованке". Таа годинава ќе настапи на Охрид фест.

Милена Георгиевска

# Дури и интелектуалците во Хрватска малку знаат за проблемите на МПЦ

***"Хронологија на охридската Архиепископија" од проф. Огнен Бојаџиски е второто дополнето издание кое беше промовирано во Сплит за време на манифестацијата "19. Денови на македонска култура – Денови на Св. Кирил и Методиј". Првото издание на книгата е излезено во 1995 година***



Познатиот историчар и публицист Огнен Бојаџиски, професор, кој неколку децении живее во Загреб, неуморно трага по македонската историја и битните прашања за македонскиот народ. Тој неодамна пред читателите се претстави со неговото најново дело – "Хронологија на Охридската архиепископија", второ издание. Промоцијата на книгата беше во рамките на манифестацијата "19. Денови на македонска култура – Денови на Св. Кирил и Методиј" во Сплит. Првото издание на книгата е издадено во 1995 година, а потребата од ова второ дополнето се наметнува, бидејќи како што посочи и промоторот на книгата проф. д-р фра. Душан Моро, од Католичкиот богословски факултет во Сплит: "Многумина во Република Хрватска, дури и во интелектуалните кругови, многу малку знаат за проблемите и потешкотиите со кои мора да се бори Македонската православна црква. Авторот преку книгата успева да ни ја приближи оваа историска и маченичка црква, особено што во денешно време македонскиот народ ја води најкрвавата битка за својата црква."

- Она што беше интересно, тогаш и сега, е што македонскиот архиепископ г.г. Михаил во 1995 година на промоцијата на книгата во Скопје искажа една реченица што мене ми даде сила и храброст да продолжам да истражувам, а тоа е дека ваква книга надвор од Македонија не постои. Второто издание е дополнето со друга документација во која апсолутно нема никакви пресметки со било кој. Ние сме должни да ја зборуваме вистината, а тоа е да се служиме со факти. Вистината во пишувањето е да се каже сè, и да не се навредува никого. Тоа е пример од Светото писмо, истакна на промоцијата професорот Бојаџиски.

Историјата на МПЦ авторот хронолошки ја претставува во пет поглавја: "Историјата на христијанството", каде ја прикажува географската, историската и црковната историја на подрачјето кое денес го зазема таа самостојна национална црква, почнувајќи од Античка Македонија до појавата на христијанството и првите епархии кои се основаат, како и словенските племиња меѓу кои се предците на денешните Македонци; "Словените и Охридската архиепископија", каде посебно ги истакнува делата на Св. Кирил и Методиј и нивните ученици; "На крстопат" го опфаќа периодот од крајот на 12. век, опаѓањето на византиската моќ и засилувањето на двете млади држави на тие простори, поточно раѓањето на српската и бугарската средновековна држава, кои ќе се натпреваруваат во настојувањето на освојувањето кон југот, Егејското море и покорувањето на останатите народи; "Македонија и Македонците. Борба за идентитет на ентитетот" посветено е на стовековната борба на еден мал народ за својот идентитет, кој дури и денес е оспоруван, кога им се негира правото на сопственото име, наспроти сите демократски примери и конвенции и црковна пракса, особено во православието, кога други цркви ја остварувале својата самостојност и автокефалност во слични процеси; "Патиштата на слободата и афирмација" го опишува периодот на Првата светска војна и настојувањата на македонската емигрантска елита, било во Русија, било на Запад околу соединувањето на македонската територија во една држава. Промоторот на книгата проф. Моро, како особено вредни ги издвојува прилозите на крајот од книгата кои меѓу другото говорат за историјата и укажуваат на едно време кога српската црква го спречува развивањето на друг народ да има своја црква.

Книгата е издадена со финансиска поддршка на Заедницата на Македонците во РХ и на "Кршчанска садашњост".

Милена Георгиевска

# "Нова Македонија" 65-годишниот јубилеј го прослави и во Хрватска

*"Во овој период страниците на весникот беа полни со информации, статии, колумни, анализи, прилози, фотографии и документи што ги прикажуваат историските факти и вистини за Македонија, Балканот и пошироко и ги расветлуваат настаните и личностите од светската сцена. Затоа "Нова Македонија" претставува најбогата библиотека и неисцрпна граѓа за историската наука", потенцираше директорот Лазарески на Свечената академија што се одржа во Сплит*



Првиот дневен весник на македонски јазик "Нова Македонија", кој зазема посебно место во историјата на македонското новинарство, роден во прегратките на новата македонска држава и АСНОМ, својот 65 годишен јубилеј го прослави и во Хрватска. Во историската Диоклецијанова палата се одржа Свечена академија на која присуствуваа бројни угледни личности од Хрватска и гости од Македонија, со што всушност започнаа "19. Денови на македонска култура во Сплит – Денови на Св. Кирил и Методиј". На свечениот настан беше доделено и високото признание од страна на Заедницата на Македонците во РХ за објективно известување и ширење на пријателството меѓу македонскиот и хрватскиот народ.

- Влегувањето на Хрватска во ЕУ дополнително ќе ја засили и нашата улога на пријател на Македонија. Од друга страна, пристапувањето на Македонија во ЕУ, како и на останатите земји од регионот, е стратешки интерес на Хрватска. Затоа во разговорите со партнерите во Унијата нема да ја пропуштам можноста да ги поттикнам на поддршка за што побрз почеток на преговорите со Македонија, посочи во својата поздравна порака хрватскиот претседател д-р Иво Јосиповиќ. Тој додаде дека како пријател на Македонија секогаш е подготвен да помогне за позитивно решавање на ова стратешко прашање за влез на Македонија во евроатлантските интеграции.

Поздравни пораки на Академијата во Сплит испратија и амбасадорот на РХ во РМ, Иво Кујунџиќ, како и градоначалникот на Шибеник, д-р Анте Жупановиќ. Двајцата ја потенцираа важната улога на "Нова Македонија" во јакнењето на успешната соработка помеѓу двете земји.

Делегацијата од Скопје ја предводеше директорот на НИК "Нова Македонија", Ратко Лазарески. Заблагодарувајќи се на сите оние кои упатија искрени желби за успех на "Нова Македонија", истакна дека навистина е почестен што во Сплит се одбележува ваков значаен јубилеј.

- Во овие 65 години страниците на весникот беа полни со информации, статии, колумни, анализи, прилози, фотографии и документи што ги прикажуваат историските факти и вистини за Македонија, Балканот и пошироко и ги расветлуваат настаните и личностите од светската сцена. Затоа "Нова Македонија" претставува најбогата библиотека и неисцрпна граѓа за историската наука, потенцираше директорот Лазарески.

Тој додаде дека во својата богата историја, весникот цврсто остана на браникот на македонскиот национален идентитет, предводејќи ги прогресивните сили. Во исто време "Нова Македонија" секогаш го афирмираше заедништвото на македонскиот народ со другите национални заедници изразувајќи го нивниот идентитет како израз на заедничкиот соживот.

"Нова Македонија" својот втор живот го започна во април 2008 година кога беше преземена од новиот инвеститор г. Минчо Јорданов. Весникот редизајниран со комплетно нова новинарска екипа и цврсто определена уредувачка политика и денес им останува верен на идеалите на весникот од неговиот прв број. Дека улогата на медиумите од секогаш била моќна во формирањето на јавното мислење, говорат и коментарите предизвикани од еден текст неодамна објавен во "Нова Македонија", по повод влегувањето на Македонците во преамбулата на хрватскиот устав. Една читателка искоментира: Браво! И благодарам на Хрватска и на Хрватите! Се надевам дека овој пример ќе го следат сите земји кои се сметаат за модерни и демократски, не само за македонското малцинство, туку и за сите други кои живеат на нивните територии. Македонците постојат и тие се реалност во многу земји. Драга моја Европо, време е да ја смениш својата политика.

- Пред половина век, книжевниот хрватски бард Мирослав Крлежа рече дека "Нова Македонија" не е само збир на шармантна група новинари или обична редакција, туку дека е многу повеќе од тоа. Нова Македонија е движење, велеше тој. А дека Крлежа бил во право, покажува и оваа Свечена академија и одбележувањето на јубилејот во историскиот Сплит, истакна во својот говор Сашо Георгиевски, дописник на "Нова Македонија" од Хрватска.

Од името на Заедницата на Македонците во РХ, признанието на директорот на "Нова Македонија" Ратко Лазарески му го врачи Ангел Митревски, претседател на Заедницата на Македонците во РХ.

Свеченоста ја збогати настапот на хорот "Македонија", кој делува во рамките на Македонското културно друштво "Македонија" од Сплит.

Милена Георгиевска

# МАКЕДОНСКАТА КИНОТЕКА ВО ХРВАТСКА




**Загреб**: На 23 март годинава во киното “Тушканац” започна манифестацијата “Денови на Македонската кинотека во Хрватска”. Организацијата им беше препуштена на Кинотеката на Македонија, Кинотеката на Хрватска, Хрватскиот филмски сојуз и Арт киното “Кроација”.

Во полната сала на присутните најнапред им се обрати директорката на Хрватската кинотека Кармен Лхотка, која зборуваше за плодната соработка меѓу кинотеките на двете пријателски земји. Директорката на Кинотеката на Македонија, Мими Ѓорговска – Илиевска, потоа се осврна кон филмското богатство што оваа институција го има сочувано од почетокот на 20-тиот век па сѐ до денес, кое, благодарение на македонската држава, ќе може да сведочи за сите дела на седмата уметност создадени на овие простори. Амбасадорот на РМ во РХ, Данчо Марковски, ги поздрави присутните со благодарност што преку оваа манифестација во Загреб и Риека ќе можат да се видат најдобрите македонски филмови.

“Денови на Македонската кинотека во Хрватска” ги отвори заменикот на Министерството за култура на Хрватска, Срећко Шестан.

Потоа беше прикажан Изборот филмови на браќата Манаки, создадени меѓу 1905 и 1911 година, па следеше проекцијата на филмот “Како во лош сон” на режисерот Антонио Митричевски, кој беше гостин на манифестацијата.

Следниот ден во киното “Тушканац” следеа проекциите на анимираниот филм “Рака” на Дарко Марковиќ и целовечерниот “Време води” на Бранко Гапо, а на 25 март беа прикажани “Бубачки” на Игор Иванов – Изи и “Тетовирање” на Столе Попов. Последните денови на манифестацијата минаа со проекциите на кусиот игран филм “Песја пена” на Благоја Ристески – Платнат и целовечерниот “Илузија” на Светозар Ристевски, а за крај беа прикажани документарецот “Дае” на Столе Попов и “Пред дождот” на Милчо Манчевски.

Според вашиот известувач, манифестацијата “Денови на Македонската кинотека во Хрватска” во киното “Тушканац” мина со голем интерес, па организаторите беа повеќе од задоволни и најавија манифестација на хрватскиот филм во Македонија.

М. Апостоловска – Вујаклија

## Македонската кинотека и во Риека

**Риека**: Во Арт-киното “CROATIA” од 25 до 29 март годинава продолжи манифестацијата “Денови на Македонската кинотека во Хрватска”. Свеченото отворање се одржа на 25 март. Ретроспективата на македонскиот филм ја организираа Кинотеката на Македонија, Хрватската кинотека, Хрватскиот филмски сојуз и Град Риека, а манифестацијата ја отворија: директорката на Кинотеката на Македонија, Мими Ѓорговска – Илиевска, директорката на Хрватската кинотека, Кармен Лхотка, и началничката на Одделението за култура на Град Риека, Иванка Першиќ. Потоа следеа проекциите на историските филмови на браќата Манаки и долгометражниот “Како лош сон” на Антонио Митричевски.

Во следните денови риечката публика имаше можност да ја проследи програмата на Кинотеката на Македонија што веќе беше презентирана во Загреб.

В. Настески

# Македонски сликари во Хрватска



Свечано отварање на изложбата



Изложбата предизвика голем интерес

На 12 мај годинава во просториите на задарскиот Народен музеј беше отворена изложбата "Македонски сликари во РХ", реализирана во соработка со Заедницата на Македонците во РХ, на која беа изложени 29 дела на македонскиот уметник Александар Јанкулоски – Цане, чии слики преку разни форми и структури одаваат специфичен колорит. Авторот е роден во Прилеп 1936, а се има преставувано и како сликар, вајар и графичар. Неговите дела се изложувани на сите континенти, а добитник е и на неколку признанија и награди.

Пред отворањето на изложбата се одржа кратка програма, на која Иван Андријевиќ на кларинет отсвири сплет македонски песни, а Еми Лонгин ги читаше своите авторски песни на македонски и хрватски јазик.

- Изложбата е можност граѓаните на Задар да се запознаат со македонското ликовно творештво, на отворањето ја изложбата рече Хрвоје Перица, директорот на музеите во Задарската жупанија, која посетителите ќе можат да ја разгледаат до 22 мај, а потоа ќе биде претставена и во Осиек, Риека и Пула.

Претседателката на МКД "Билјана", Мирјана Мајиќ, им се заблагодари на сите за сесрдната помош во реализацијата на оваа манифестација и напомена дека со соработка многу придонесоа и претседателот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Ангел Митревски, вработените од Народниот музеј во Задар и членовите на МКД "Билјана", како и Советот за национални малцинства при Владата на РХ и Задарската жупанија, со чии средства е остварена оваа манифестација.

На отворањето на изложбата, како посебни гости присуствуваа Ратко Лазаревски, гренерален директор на НИК "Нова Македонија" и Здравко Белевски, директор на маркетингот на овој прв весник во Македонија.

Изложбата, некако по традиција, ја отвори еден од челните луѓе на Задарската жупанија, дожупанот Чани Буња, кој притоа рече дека во Задар нема многу Македонци, но поради своите активности изгледа дека ги има многу повеќе, за што сведочи фактот додаде, дека во последниве 11 години МКД "Билјана" успеа да направи 11 изложби, што мора да се признае дека не е малку.

– Мило ми е што Македонците во Хрватска ја негуваат својата култура и богатото културно наследство, на кое сите се гордееме, меѓу другото нагласи и Ангел Митревски, при обраќањето на присутните.

По разгледувањето на изложбата следеше богат коктел.

Еми Лонгин



Иван Андријевиќ на кларинет

## КОНЦЕРТ НА КЛАСИЧНА МУЗИКА



На 24 март годинава, во големата сала на Заедницата на Италијаните во Риека, настапи "Камерниот дует" од Македонија. Македонскиот дует го сочинуваат Татјана Петрушевска-Караскакавска (обоа) и Петар Макариевски (клавир). Нивен риечки гостин беше Петар Тепшиќ (тромбон). Концертот го организира МКД "Илинден" од Риека, а реализиран е со средства за националните малцинства на Град Риека, наменета за културни програмски дејности. Вечерта дуетот се претстави со програма во која изведоа дела од *G. Donizzeti, R. Shummann, F. Paulen, A. Guilmant, F. Schopin, K. Odak* и од македонските композитори *В. Николовски* и *С. Стојков*.

Татјана Петрушевска-Караскаковска и Петар Макариевски во двочасовниот настап во кој повремено се вклучуваше и риечкиот гостин, ги одушеви посетителите со одличната музичка изведба и им овозможи да ги слушнат добро познатите автори на класичната музика, што им ја подарија овие млади македонски уметници. Задоволната публика за настапот им возвраќаше со долготрајните аплаузи.

Татјана П. Караскаковска е родена во Куманово. Своето музичко образование го стекнала кај проф. Киро Давидовски, а мајсторскиот курс го посетувала во Белград кај проф. Љубиша Петрушевски. Активно учествува во разни камерни состави, а хонорарно соработува со Македонската филхармонија. Петар Макариевски роден е во Скопје, дипломирал на Факултетот на музичка уметност, а магистрирал на Државната музичка академија во Софија. Активно учествува на многу фестивали во Македонија, а воедно е и редовен професор за клавир и камерна музика.

В. Настески

## Импресивни пејзажи на Блага Петрески

***Во градската библиотека "Јурај Шижгориќ" во Шибеник пред хрватската јавност беше претставен најновиот циклус на уметнички дела на Блага Петрески, чија инспирација е секогаш во вечната природа***

Шибенската публика на почетокот на април годинава имаше можност да ги доживее и осознае уметничките дострели на ликовниот уметник Блага Петрески од Сплит. Македонското потекло на оваа сликарка оставило неизбришлива трага во однос на темпераментот што се чувствува и преку нејзините слики. Особен поттик покрај природата што ја опкружува, додека ги создава делата, за неа е македонската музика, која секогаш ја слуша кога твори. Двете техники што ги преферира се акрил на платно и масло на платно.



-Во пејзажите на Далмација лежи мојата инспирација, мојата метафора, мојата импресија за нешто што го гледам. Потоа, на свој сопствен експресивен израз во делата го пренесувам како сликарска метафора, вели Петрески.

Уште од најраните години ја привлекувало сликарството, па учествувала во разни ликовни секции. Има завршено средно ликовно училиште и Ликовна академија во Сплит. Работи како виш советник за ликовна култура и ликовна уметност во Агенцијата за воспитание и образование во Сплит. Од 1993 година е активен член на Друштвото на хрватските уметници. Досега нејзините дела ги има претставено на 13 самостојни изложби. Вели дека особено е горда на изложбата во Битола во 2003 година. Во нејзиното сликарство особено влијание извршиле Едо Муртиќ, потоа кругот на дубровничките сликари кои, како што вели, се потемпераментни од нејзиниот колорит, но таа ги следи во некоја поблага форма.

-Ордан Петлевски е сликарот кој особено го ценам. Како и претходно набројаните сликари, така и тој претставуваат особено мотивирачки фактори во моето творештво. А особено важен сликар за мене е Марк Шагал, вели Петрески. Таа е особено горда на своето македонско потекло. Вели дека македонскиот ритам во музиката го поврзува со уметноста.

За нејзините дела Зденка Балушиќ, хрватски ликовен критичар, ќе наведе дека боите во нејзините дела претставуваат ода и химна на сонцето, земјата, небото. "Оваа сликарка храбро ја бира слободата на творењето неоптоварена со предметниот свет. Со тоа се вбројува во редот на апстрактните експресионисти, сликари на инстинктот и длабока емотивност кои доследно ја бележат состојбата на сопствената совест", смета Балушиќ.

М. Георгиевска

# Езерки & 7/8
# “МУСТРА” ГО НАПОЛНИ ЛИСИНСКИ



*Промоција на албумот “Мустра”*



*Калиопи ја воодушеви публиката*

КД “Ватрослав Лисински” во Загреб на 24 март годинава повторно беше домаќин на женската пејачка етно група *Езерки* и оркестарот 7/8. Овој пат повод беше концертот *Македонска рапсодија* со кој тие го промовираа својот нов ЦД *Мустра* во издание на Далас Рекордс. Посетителите во преполната сала повторно имаа прилика да уживаат во традиционалната македонска етно музика, богатиот концертен репертоар и одличната изведба на Езерки и 7/8, кои со овој настап, воедно ги прославија и своите јубилеи – Езерки 15, а 7/8 10 години од основањето.

Етно групата *Езерки* формирана е во 1995 година при Хрватско-македонското друштво на пријателство на иницијатива на Лена Ѓапиќ, а дејствува под водство на Дарка Краговиќ, внуката на познатиот маестро Миљенко Прохаска, додека оркестарот 7/8 формиран е во 2000 година на иницијатива на Стојан Трајков, а дејствува под водство на диригентот и виолинистот Бруно Урлиќ, поранешен член на групата “Забрањено пушење”. Заедно досега имаат издадено три албуми: *Ливинг рум – Песни од големата одаја* (2003), *Бакнеж* (2005) и *Спектакл* (2007). Соработувале со многу познати естрадни уметници како што се Радојка Шверко, Тоше Проески, Нина Бадриќ, Масимо Савиќ, Лука Нижетиќ, Бодан Арсовски, Костадинка Велковска... Гостувале во многу градови во Хрватска, Македонија, БиХ, Италија и Словенија.



*Новиот имиџ на “Езерки”*

На концертот можеа да се слушнат класичните бисери на македонската етно музика: *Зајди зајди, јасно сонце, Битола, Македонско девојче, Билјана платно белеше, Елено ќерко, Си залљубив едно моме, Брала мома капини, Калеш бре Анѓо* и уште многу други, како и да се ужива во бравурозните тактови на автентичните македонски инструменти и народните ора *Калајџиско, Комитско, Касапско...*

Специјална гостинка на вечерта беше реномираната македонска пејачка Калиопи, која заедно со *Езерки* и Раде Шербеџија за новиот албум ја снимија песната *Кажи, кажи либе Стано*. Калиопи ја изведе и својата песна *Бато*, со која ја крена публиката на нозе. Изненадување беше и Лука Нижетиќ со импресивната изведба на *Јовано, Јованке*. На крајот, и новата гардероба на пејачките публиката ја поздрави со големо одобрување.

*Езерки* и 7/8 со необичен спој на измешани генерации и профили, со својот препознатлив стил на трогласна интерпретација и мноштво на брзи и неправилни ритами, уште еднаш ја заразија публиката со позитивна енергија и измамија бис. Затоа, со нетрпение ја очекуваме и следната средба со желба за промоција на некој нов, подеднакво успешен албум.

Елизабета Петровска

## ТАНЕЦ ПОВТОРНО ГО ВООДУШЕВИ ЗАГРЕБ



На 10 мај 2010 годинава во загрепскиот театар “Керемпух”, по пет години пауза, публиката повторно имаше привилегија да ужива во концертот на ансамблот за народни игри и песни на Македонија “Танец”, кој настапи во рамките на долгоочекуваната Балканска турнеја. Под водство на Симеон Чулев, “Танец” во претесната и преполна сала ја претстави богатата фолклорна традиција на Македонија, разиграното македонско оро, изворната народна песна, милозвучните инструменти и богатите оригинални македонски носии.

Со врвни кореографии и музички тактови, “Танец” ги изведе *Посеље*, *Лазаренки*, *Беломорски бисер*, *Шопска петорка* и *Поречки игри*, а машката игра во *Осоговка* беше дочекана со големо воодушевување. Оркестарот што го водеше Милан Завков, ги изведе инструменталите *Велигденско*, *Крстачко оро* и *Разигран Танец*, а песните *Недо ле арна девојко*, *Мама оди на вода*, *Ануше бела црвена*, *Лазаре, Лазаре* и други, ги предводеше Елена Стевковска.

Настапот на македонскиот ансамбл ги разубави дождливите мајски загрепски денови. Со карактеристичните македонски танци и специфичниот музички ритам, македонската дијаспора во публиката доживеа шарена носталгична прошетка низ повеќе краеви во Македонија. Настап изведен со таква леснотија, со непогрешивост на вештите девојки и момчиња, предизвика емоции што тешко се искажуваат. Незаборавно искуство на уметничка перфекција се читаше на лицата на посетителите. Задоволството беше преголемо.

Директорот на “Танец”, м-р Бошко Тренески, на крајот се заблагодари за топлиот и срдечен прием со ветување дека идната средба нема да ја очекуваме така долго како и оваа.

Е. Петровска



## ТАНЕЦ и во Осиек!




“Она што е ЛАДО за Хрватска, тоа е ТАНЕЦ за Македонија”, “Македонскиот ТАНЕЦ ја остави публиката без здив”, “ТАНЕЦ им покажа на осиечани што е врвен ансамбл” се само дел од коментарите на хрватските медиуми за настапот на овој наш врвен ансамбл на народни танци и песни.

Да, така беше во Осиек на 13 мај 2010 година, во спортската дворана “Југ” кога на гости на осиечани им дојде ансамблот за народни игри и песни на Македонија ТАНЕЦ кој од 06 до 16 Мај 2010 година ја реализира својата Балканска турнеја на која ќе ја претстави богатата фолклорна традиција на Македонија.

Вовед во концеротот направи осиечанката Милка Маѓариќ, членка на МКД “Браќа Миладиновци” пеејќи ја прекрасната стара македонска песна “Македонско девојче”. “Оваа комбинација е навистина реткост”, истакна претседателкта на здружението Јагода Тренеска-Цветичанин, “а ние сме горди што ја имавме таа чест не само да им бидеме домаќини на ТАНЕЦ, туку и да имаме наш претставник заедно со нив”. Гостувањето во Осиек беше организирано по повод одбележувањето на 200-тата годишнина од раѓањето на Димитрија Миладинов, собирач на народни песни, а фолклорниот спектакл го организираше МКД “Браќа Миладиновци” во Осиек заедно со претставничката на македонското национално малцинство за Град Осиек, Марија Чинчурак и Агенцијата Концерт од Осиек, под покровителство на Советот за национални малцинства при Владата на РМ, како и Град Осиек, а го посети и осиечкиот градоначелник Крешимир Бубало.

Со овој концет МКД “Браќа Миладоновци” го одбележа почетокот на манифестацијата “13 Денови на браќата Миладоновци” која од сега па сѐ до крајот на јуни ќе бидат повеќе атрактивни содржини во Осиек и Ѓаково.

Ј. Тешија

## Ратко Лазарески, директор на НИК "Нова Македонија"
# МАКЕДОНСКОТО ИМЕ И ИДЕНТИТЕТ СЕ СВЕТИ

***Со доаѓањето на г. Минчо Јорданов, "Нова Македонија" направи значајни чекори да се постигне таа цел. Цврстата уредувачка политика за стратешките прашања ја направи "Нова Македонија" еден од најсилните чинители државните атрибути ни бидат на прво место, вели Ратко Лазарески***

**Лично присуствувавте на Свечената академија во Сплит по повод 65-те години од излегувањето на првиот број на весникот "Нова Македонија" и доделувањето на признанието од страна на Заедницата на Македонците во Република Хрватска. Какви впечатоци имате од настанот?**

Пред сè, да истакнам дека одамна не сум се чувствувал толку пријатно меѓу свои луѓе. Македонците, но и Хрватите кои со своето присуство направија овој настан да биде исклучително пријатен и блескав, а местото каде се одржа го направи гламурозен: историјата на Диоклецијановата палата и нашиот јубилеј направи една синергија која ќе се памети. Сакам да ги поздравам нашите домаќини – допсиникот на Нова Македонија од Хрватска, Сашо Георгиевски и ЗМРХ, но и сите оние кои со своите поздравни говори и честитки ни го направија настанот да остане во најдлабоко сеќавање.

**Како "Нова Македонија" во овие кризни времиња се бори за читателите во силната конкуренција со другите македонски медиуми?**

Веќе две години наназад "Нова Македонија" е со нов инвеститор. Со доаѓањето на г. Минчо Јорданов, "Нова Македонија" направи големи чекори да се постигне целта. Цврстата уредувачка политика за стратешките прашања ја направи "Нова Македонија" еден од најсилните чинители изворните атрибути да ни бидат на прво место. "Нова Македонија" две години наназад со своите написи, истражувачки и аналитички стидуии во рамките на политиката, економијата, културата, спортот и забавата го мобилизира и инспирира креативниот дух во РМ залагајќи се за правда, мир, слобода и почит кон луѓето.

**Велите дека "Нова Македонија" и натаму останува на браникот на одбрана на идентитетот на Македонците и зачувување на нашето име, кое стана голема пречка на патот кон евроатланските интеграции. Каква е неговата улога во однос на ова прашање?**

Уредувачката политика по ова прашање е многу јасна. Создавана во екот на Втората светска војна, "Нова Македонија" е практично современик на новата македонска држава и АСНОМ. Функцијата на "Нова Македонија" е да каже дека идентитетот што всушност е и во битот на "Нова Македонија" е сочувување на името и идентитетот на македонскиот народ. За "Нова Македонија" околу тоа нема никакви компромиси. Вековните стремежи на македонскиот народ за формирање сопствена држава беа втемелени на страниците на ова гласило, затоа весникот е на браникот на тој идентитет.

**65-годишната традиција на "Нова Македонија" е долг период опстојување. Како прв политички дневен весник во РМ на македонски јазик, доживуваше подем, падови, па сега, повторно подем. На кого можат да му се припишат заслугите за тоа што весникот сега се враќа и станува еден од најреспектабилните медиуми?**



Сметам дека во РМ постојат луѓе интелектуалци, бизнисмени и патриоти, кои во одредени области чинат напори нашата држава, покрај сите премрежја, да биде одржлива. Еден од нив е г. М. Јорданов, кој како инвеститор го купи брендот на "Нова Македонија" и во 2008 година направи напори за консолидирање на брендот со една млада екипа новинари, уредници и фоторепортери. Излезе обновена на 30.04.2008 година. Тој е најзаслужен што не допушти овој високо ценет бренд да згасне, туку направи брендот да воскресне, забрзано да се развива и движи по нагорна линија. Но, заслугите за "Нова Македонија" ги чинат и луѓето што работат во весникот.

**Ваша теза е дека во еден медиум треба да преовладува што повеќе истражувачко и аналитичко новинарство. Од друга страна, медиумскиот простор сè повеќе го освојува жолтиот печат. Како да се избалансираат овие две работи?**

Концептот на "Нова Македонија" е да се оствари истражувачкото и аналитичкото новинарство, длабоко да се навлезе во темата, позадината на целата појава, текот и развојот и да се направи проценка како сето тоа ќе се пласира. Поради тоа формиравме истражувачко-аналитичка редакција, како една иновативна тенденција со искусни новинари, но и млади, кои можат да го понесат товарот на тешкото новинарство. Така последниве две години добивме повеќе награди за истражувачко новинарство.

**"Нова Македонија" сè повеќе простор остава за активностите на Македонците во дијаспората, а особено за Заедницата на Македонците во Хрватска.**

"Нова Македонија" не само што води грижа за граѓаните навремено и објективно да бидат информирани, излегува и надвор од границите на РМ, воедно развива и различни електронски форми, веб сајт, а наскоро ќе го лансираме и порталот каде луѓето многу полесно ќе добиваат информации за настаните. Најдобар пример е ЗМРХ и исклучително високото ниво на комуникација и плод на соработка, за што сведочи Свечената академија на "Нова Македонија" во Хрватска. Нашиот весник има свој дописник од Хрватска, кој на лице место е во допир со животот на Македонците во Хрватска. Не попусто претседателот Јосиповиќ на своето обраќање на Свечената академија изрази желба ваквата соработка да продолжи и да се продлабочува. Со соработката меѓу РМ и РХ "Нова Македонија" е исклучително почестена со доделувањето на признанието од страна на ЗМРХ, што е поттик и во иднина да се опстои на трасираниот пат помеѓу нашиот весник и ЗМРХ.

Милена Георгиевска

# ВЕЛИГДЕН

Велигден, или празникот на Христовото воскресение, е бездруго најголемиот христијански празник. Страдалната седмица заврши со новиот ден, денот на воскресението. Ние сме свикнале да ја делиме неделата на седум дена. Но, денес се установува тајната на осмиот ден, т.е. идниот ден, кој треба да дојде за никогаш да не заврши како што завршува секој ден на ова наше време. Христовото станување од мртвите е потврда на сите негови зборови, на сите негови ветувања. Подоцна апостол Павле ќе зборува: Ако Христос не воскреснеше, ќе беше залудна вашата вера, ќе беа залудни вашите надежи, зашто ќе верувавте и ќе се надевавте напразно. И навистина е така, бидејќи Христос не ветуваше привремена поправка на нашите животни услови, како што ветува на пример некој политичар или економист и кој ги проучил космичките закони па вешто се раководи според нив, туку ветуваше една сосема нова реалност, како креатор кој е моќен и способен да ја создаде таа реалност, поинаку кажано, како господар над животот и смртта. Утрото на третиот ден од Христовата смрт до неговиот гроб дојдоа прво жените мироносци и ја најдоа тргната плочата што го затвораше гробот. Внатре во гробот сретнаа еден пресветол ангел кој им ја кажа веста за Христовото воскресение. Оваа вест оттогаш секоја година ја објавува Црквата низ целиот свет, како најрадосна вест за целиот човечки род.

**Велигденско послание на Архиепископот Охридски и Македонски г.г.Стефан и Светиот архиерејски синод**

По милоста Божја Архиепископ Охридски и Македонски, заедно со Светиот Синод, до свештенослужителите, монаштвото и до сите верни чеда на Македонската православна црква, а по повод Воскресението Христово – Велигден, испрати архипастирски благослов и мир од Бога.

Возљубени чеда во Господа,

Денес е Денот што е смисла на сите денови: денес е Денот што му дава значење на нашето постоење, Денот што го оправдува нашето создавање; денес е Денот што ја осмислува сета наша иднина! Денес е Велигден, Денот над деновите, во кој го чествуваме Торжеството над сите торжества – Воскресението Христово. Во тој настан се исполниле сите надежи, сите желби и потреби; се објасниле сите маки, страдања и сите неправди. Со воскресението на Христа Спасителот, осознаена е иднината, осмислено е минатото и разбрана е сегашноста. Воскресението Христово е темелот на нашето верување, на нашата надеж и на нашиот подвиг. Тоа е доказот дека нашата вера не е празна, дека нашата проповед не е залудна (1 Кор. 15, 14). – Па, ако Христос не воскреснеше, нашата природа сѐ уште ќе беше во оковите на смртта, сѐ уште не ќе бевме слободни од злото во нашиот ум, во нашите мисли, во делата, во волјата; не ќе можевме да се ослободиме од последиците што гревот ги нанесува и на нашето тело, како и од разните страдања, болести, умирања... Но, колку е сето ова победено и како е уништена смртта, кога ние сѐ уште умираме; како го нема гревот, кога во нас и околу нас царува злото? Христос воскресна и Неговото воскресение е залогот на нашата победа над страдањата и злото во нас и околу нас!

Во годината, пак, кога со достојна почит го одбележуваме спомeнот од блаженото упокојување на големиот духовник и подвижник свети Наум (910 – 2010), да се потсетиме на надвремените вредности што му биле идеал на нашиот Охридски Чудотворец, а кои продолжиле да бидат следени и од многубројни духовници и исповедници во изминатите столетија. Каква духовна големина и светост имаме во нашиот свети Наум, потврдува молитвената почит што му се оддава, не само на неговиот гроб и во неговото светилиште, туку и на сите континенти, до каде што е пренесена почитта кон него.

Испраќајќи ви го нашиот архипастирски благослов, вам, возљубени чеда, овде во Татковината и насекаде до каде што нѐ има по светот, посакуваме, исполнети со светинаумова кротост, со воскресенска духовна радост и меѓусебна љубов и единство, да ги дочекаме и прославиме велигденските празнувања.

Христос воскресе!

**Загреб**: Верниците на Македонската Православна Црква и оваа година достојно го прославија Воскресението Христово. Велигденското торжество МПЦО "Св. Злата Мегленска" го започна со страсната седмица во Загреб, во црквата Св. Рок. Сите денови црквата беше преполна со верници, пријатели и почитувачи на Македонската Православна Црква. А овој Велигден за сите нас беше посебен, затоа што непосредно пред празникот Македонската Православна Црква купи од Градот Загреб парцела каде ќе си изградиме своја црква.

Исто така, во Сплит МПЦО "Св. Наум Охридски", благодарение на големата одговорност на Управниот Одбор го дадоа очекуваниот резултат, а тоа е големата посетеност на воскресенската Богослужба и после тоа на трпезата на љубовта, која протече во меѓусебен благопријатен разговор и дружење. Парохискиот свештеник протојереј Кирко Велински, откако им ги пренесе поздравите од верниците од Загреб им ја соопшти радосната вест за купувањето на земјиште во Загреб за



изградба на нашата црква, која беше примена со воодушевување.

Во сите градови каде се богослужеше по повод Воскресението Христово, црквите беа посетени, а тоа е доказ дека нашиот македонски народ, без разлика каде се наоѓа во светот, не заборавил на својата вера, нација, јазик.... на себе.

И. Лепитков

**Риека**: Верниците на Македонската православна црква кои живеат на риечкото подрачје Велигден свечено го прославија со света богослужба, традиционално во католичката црква Св. Себастијан и Фабијан. Оваа година, богослужбата за македонските православни верници ја служеше отец Васил Пецуровски, парохиски свештеник од Виница, Р. Македонија. На почетокот тој им го честита празникот на сите христијани, а особено на припадниците на Македонската православна црква во Хрватска, со традиционалниот поздрав "Христос воскресе".

Отец Пецуровски по богослужбата ја прочита велигденската честитка од Архиепископот Охридски и Македонски г. г. СТЕФАН, а потоа говореше за Исусовото воскресение и што тоа значи за човековиот род, па рече: "Не е доволно само да се споменува Бога, туку треба тој да се љуби, активно да се живее, да се бори за животот, да не правиме гревови и неправди, но и да не се паѓа во безнадежност, затоа што Христовото воскресение ја гарантира надежта". За Македонците рече дека се мирољубив народ, па препорача мирољубиво да се однесуваме. "Треба и понатаму да останеме такви и да ги почитуваме своите сограѓани."

Обраќајќи им се на новинарите Отец Пецуровски ја искористи можноста да и заблагодари на хрватската Влада и на Католичката црква за сè што прави за македонските православни верници за тие бидат рамноправни со другите цркви во Хрватска исто како да се во својата татковина.

Со честитки за Велигден се придружи и Илија Христодулов, претседател на МПЦО во Риека "Св. Цар Константин и Царица Елена".

В. Настески

**Сплит**: Мир, љубов и единство побараа Македонците и нивните семејства од Сплитско-далматинската жупанија на богослужбата што се одржа во Сплит по повод големиот христијански празник Велигден. Во црквата Анѓеле по повод Велигден од Загреб допатува парохискиот свештеник протојереј Кирко Велински, кој ја одржа богослужбата. А дека нашите македонски црковно народни обичаи духовно нè освежуваат покажаа нашинците во Хрватска преку радоста на велигденската светлина со која ја осознаваме, како што рече протојереј Велински, "вистинската вредност за животот".

- На Велигден секое срце христијанско треба да биде полно со радост и со неизмерна љубов. Секој секому треба да му е поблизок и помил од кога било во животот. Во најсветлата ноќ сите треба да сме со исти чувства и со иста радост: и архиереите, и свештенослужителите, и верниците, па дури и неверниците, бидејќи и нив ги опфати сјајот на празничното радување, истакна протојереј Велински.

А дека велигденската радост ги зближува луѓето, се потврди уште еднаш на дружењето на Македонците во просториите на МКД "Македонија" Сплит, каде по богослужбата во црквата за Велигден, продолжи чествувањето. Стари и млади од различни структури се собраа за празникот на радоста и животот. Со закуска и песна се создаде пријатна и празнична атмосфера на дружење. Како што годинава во ист ден се славеше и католичкиот и православниот Велигден, па повод за празнување имаа и Хрватите и Македонците, сопружници од мешани бракови, роднини и пријатели.



А неизбежниот симбол на празникот - вапсаните јајца секако беа дел од декорот на велигденската забава. Црвени, зелени, жолти, сини, шарени – сами по себе беа јасен симбол на зародиш од кој ќе се развие светот. Се верува дека јајцето има речиси магична моќ и неговото темелно значење е како извор на овоземскиот живот, а потоа станува симбол на воскреснувањето – на повторното враќање во животот. Црвеното јајце е практика стара колку и христијанството. Но, пред да биде усвоена во христијанството ја имало и во другите религиски системи.

М. Георгиевска

**Пула**: ХРИСТОС ВОСКРЕСЕ – НАВИСТИНА ВОСКРЕСЕ, беше поздравот на верниците во утринските часови по светата литургија во Пула на Македонската Православна Црковна Општина "Св. Јоаким Осоговски". Најголемиот христијански празник Воскресение Христово – ВЕЛИГДЕН оваа година го празнуваме на 4 април, а верниците од цела Истарска жупанија пред осум часот веќе беа присутни во црквата Св.Фрањо и трпеливо го чекаа почетокот на богослужбата, за сите заедно да се помолат на воскреснатиот Господ Исус Христос.

Богослужбата ја предводеше отец Васил Пецуровски, кој допатува од Р. Македонија. Внимателно слушавме и заедно се молевме. "Нека Бог преку молитвата нè исполни со мир, љубов и единство кое најмногу ни треба на нас кои сме далеку од нашата татковина. Како што стално, прота Кирко ни спомнува, молитвата за нас христијаните е духовен разговор со Бога, и преку молитвата Бог е со нас и ние со него, затоа присутноста на богослужбите е од голема важност за верниците, бидејќи Бог вели: Се што ќе побарате во молитва ќе Ви се даде."

Македонските верници во Пула секоја година се сè поактивни. Од присутните верници дваесетина се причестија, меѓу кои и членови на работните тела на МПЦО, при што отец Васил изрази посебно задоволство. По завршувањето на богослужбата ги пренесе Велигденските поздрави и честитки од Неговото Блаженство Архиепископот Охридски и Македонски г.г. Стефан и од нашиот надлежен Архиереј Неговото Високопреосвештенство Митрополитот Европски г. Пимен. Верниците исполнети со љубов и душевна мир, со црвените јајца во рацете, продолжија со дружење во просториите на Советот на Македонското национално малцинство на Град Пула.

М. Златеска

# ВОЗНЕСЕНИЕ ХРИСТОВО – СПАСОВДЕН

***Со мир да се помолиме на Господа!***
***За мир да се помолиме на Господа!***
***За мир во целиот свет да се помолиме на Господа!***
***Да се молиме постојано. Мир на сите вас!***



Кога пред неполни 2000 години, Господ Исус Христос им се јави на учениците свои пред да се вознесе на небо влезе при нив и им рече: Мир вам!

Исто така им се обрати Господ и кога ги испраќаше да ја проповедаат евангелската вест за спасението на човечкиот род велејќи: "Во која куќа и да влезете најнапред речете: Мир да владее во таа куќа."

Пред да ја посети Господ земјата, голем страв владееше кај секој човек поради прародителскиот грев. Неспокојството што ги доведуваше луѓето дури до лудило се зголемуваше, бидејќи во секој нареден ден се запаѓаше во се поголеми гревови и така страв имаше и каде што всушност и го немаше. Кога Бог Го испрати Единородниот Син Свој Исус Христос како нивен Спасител и откако поверува во Светата Вистина Божја, мирот и спокојството почнаа да се враќаат на земјата.

Браќа и сестри, потребно е со цврста вера и да не се предаваме на соблазни, да не се колебаме, туку да истраеме во борбата за Христовата љубов кој за нас и пострада на крст. Мирот ни е ветен на сите што веруваат во Бога. Затоа треба и ние почесто да ги посетуваме домовите Божји - црквите, кога имаме богослужби во Загреб, Сплит, Пула, Риека, молејќи се на Господа Бога да добиеме мир како дар. Мирот ќе го добијат, кротките, милостивите, миротворците, покрај другото ќе се наречат и синови Божји.

Браќа и сестри, мирот му е потребен на секој човек, на секое семејство, на секој град, на секоја земја, па и на целиот свет, ако нема мир настанува меѓусебно уништување.

И ние кога се собираме на молитва да се молиме и бараме прошка за нашите гревови, Бог да ни подари мир и спасение. Мирот е плод на вечната правда, нема спокојство, а без спокојство ни живот на земјата, а камоли горе во царството небесно. Да се помолиме на Отецот небесен мирот да завладее меѓу народите, мир меѓу црквите, мир во нашите души, мир да има насекаде.

За мирот денеска насекаде се зборува, но без Господа не може ништо да се направи, зашто без Бога не може ништо да се направи. И така ако сакаме мир, спокојство и блаженство за нашите души, тогаш не ни останува ништо, туку да постапуваме по законот Божји и ги пазиме заповедите Негови и да Му се молиме на секое погодно место, но најмногу во црквите, зашто гласот на заедничката молитва се слуша дури до небесата. И само така ќе можеме благослов, мир и спокојство и блаженство да внесеме и по нашите домови.

Да даде Господ да има мир овде во Хрватска, во нашата татковина Македонија и во целиот свет, за да можеме со радост и чисти срца да го пречекаме миротворецот Господ Исус Христос при Неговото повторно доаѓање при нас. Онака како што ни вети оти пак ќе дојде во судниот ден па нека е мир на сите вас што сте во Христа Исуса, Амин.

Отец Кирко Велински

# ЗА ЕГЗИЛОТ ВО МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНОСТ

***Во неколку продолженија д-р Борјана Прошев – Оливер специјално за “Македонски глас” пишува за најзначајните личности што ја одбележале македонската историја***

Книжевните настојувања кај малите и недржавни (неслободни) народи, каков беше македонскиот,често непосредно зависеа од секојдневните, понекогаш и најпрактичните потреби и барања на општествениот живот. Во такви услови книжевноста ги поврзува функциите на уметноста, просветителството, науката, политиката и националните идеологии. Затоа македонските писатели сè до државниот период истовремено носеле голем дел од бремето на општествената борба и на стремежите на својот народ за национална и политичка самостојност. Тие, во најдиректна смисла на зборот се занимавале со конкретна општествена задача. Специфичниот историски и литературен развој придонел да се оформи еден општ лик на македонски писател, писател-борец кој бил на таков начин етаблиран на страниците на книжевната публицистика, главно надвор од матичната средина. Македонската литература долго време се создавала и се толкувала во функција на еманципаторски ослободителни тежнеења. При тоа, историјата била неисцрпен извор и извор на творечкиот и естетски процес. Топосот на потрага по националниот колективен идентитет претставувал уметничка компензација на потребата за самоименување и самосознание во услови во кои тие, на македонскиот народ им биле оневозможени. Татковината што била географски загубена се надоместувала на културен план. Загубената татковина станувала претпоставка на книжевниот израз.

## Димитрија Чуповски (1878 - 1940)

Димитрија Чуповски, уредникот на “Македонски голосъ”, гласилото на македонската колонија во Ст. Петербург, е уште едно парадигматично име на македонската емигрантска и егзилантска книжевна историја. Веќе како младо момче, со браќата заминува во Софија на печалба. Таму, меѓу организираната македонска емиграција, директно се запознава со национално-ослободителната борба на својот народ на која ќе и го посвети сиот свој живот, давајќи го својот значаен придонес. Печалбарската судбина го води понатаму во Белград каде дење работи, а ноќе се школува во работничкото народно училиште. Школувањето го продолжува во црноморскиот Симферипол од каде во 1900 г. заминува за Ст. Петроград каде и умира 1940. Најголемиот дел на својот живот Чуповски го поминал надвор од татковината, посветувајќи и го сето свое битие. На неговиот гроб, во кој независна Македонија во 1990 г. ги положила неговите посмртни остатоци пренесени од Петроград, пишува: Борец за правата и слободата на македонскиот народ. Тоа е истиот епитаф од неговото петроградско почивалиште. Бил поет и пишувал главно на руски, ама и на македонски што се одликува, а во склад со неговото поимање на македонскиот иден книжевне јазик, со елементи на родниот дијалект и со некои јазични решенија на К. П. Мисирков.

Димитрија Чуповски како уредник на значајното списание “Македонски голосъ” страсно се залагал за македонските теми и македонскиот пишан збор. Како и многумина истомисленици пред и по него сметал дека вистинската татковина е јазикот. На тоа поле на организиран ангажман, пред “Македонски голосъ”, дејствувала Словеномакедонската книжевна дружина под претседателство на Ѓорѓија Пулевски во Софија 1888, со поставената основна цел: да ја препороди народната македонска литература. Бугарската влада ја оневозможила работата на оваа група ентузијасти, протерувајќи од Бугарија многумина нејзини членови. Нејзината следбеничка Младата македонска книжовна дружина во бугарската престолнина се зароди со “тајната дружба” на Даме Груев кон крајот на 1890 за да се конституира веќе следната година со својот орган, списанието “Лоза”, по кое целото движење било наречено лозарско, а припадниците, лозари. Оценувајќи го местото на лозарите во македонската современа историја, во 1903 Мисирков напишал дека “токму тие Македонци внесле нова струја на национално одушевување и дејствување во ослободувањето на Македонија. Тие во Бугарија создале темел за дејствување во корист на Македонија”. Гледиштата на лозарите биле идентични со оние на ученичката дружина “Вардар” од Белград (1893-1894), во која делувале Крсте Мисирков и Димитрија Чуповски и чие дејствување било забрането од српските власти. И покрај тоа, набрзо по забраната на “Вардар”, бил основан Македонскиот клуб со читална и кој во 1902 почнал да го издава неделото списание “Балкански гласник”. Околу тоа списание се собрала македонската интелигенција во

емиграција дезориентирана во балканскиот триаголник. На неговите страници проговориле анонимно неговите соработници за темите какви што се: автономна Македонија, македонскиот народ и македонскиот јазик. Затоа Клубот и гласилото набрзо биле забранети, а уредниците Стефан Јакимов Дедов и Дијамандија Трпков Мишајков биле протерани од Србија. Благодарејќи на помошта на еден руски дипломат емигрирале во Ст. Петербург. Таму, на 28 октомври 1902 г. го основале Македонското научно-литературно другарство на кое набрзо му се придружиле Чуповски, Мисирков и останатите од кругот на младата емигрантска интелигенција, обединети со идејата за единство на татковината, потеклото, иднината на Македонија, како и нејзиното системско проучување од историски, етнографски и јазичен аспект. Другарството за прв пат во нашата историја го воведува македонскиот јазик во задолжителна службена употреба.

Списанието "Македонски голосъ", под уредништво на Чуповски, службеното гласило на македонската колонија во Ст. Петербург кое излегувало од јуни 1913 до ноември 1914, било објавено во единаесет броеви. Меѓутоа во него текстовите биле исклучиво на руски, освен песната "Крале Марко" на Димитрија Чуповски што ја испеал на мијачкиот западномакедонски дијалект во духот на народната македонска народна песна. Повеќето текстови и песни во списанието се потпишани со иницијали или псевдоними. Списанието било со национална македонска ориентација, а што било очигледно веќе од првиот број и текстовите на Чуповски "Македонија и Македонците" и "За националната самобитност на македонските Сковени". Во списанието се објавувале текстови за тогаш актуелната културно-политичка стварност со особен акцент на македонската историја и култура, а со цел што била императив на националните стремежи на Македонците во тоа време, зачувување на целокупноста на Македонија и нејзиното организирање во самостојна државно-политичка единица на Балканот.

Во своите говори, текстови печатени во руските списанија, во службениот Меморандум за независноста на Македонија што бил испратен на Лондонската конференција во 1913 г., во својата прочуена карта на Македонија и незаменливата улога во легендарната институција Македонското научно-литературно другарство, Чуповски, дипломант на Духовната семинарија, тврдоглаво ги застапувал оние идеи што биле контрадикторни со, на Македонците несклоните и наметнатите околности во тогаш актуелното општествено-политичко време. Неговите достигнувања во работата на "Другарството" и уредувањето на, можеби најважното книжевно-политичко гласило во историјата на македонската национална борба, секако не ќе биле постигнати ако делувал во Македонија во која животот му бил загрозен. И покрај тоа, можеби сепак се работи само за неповолни културни и политички услови, ама токму тие го предизвикале неговиот територијален, јазичен и егзистенцијален егзил, ја предизвикале лавината на свесните и несвесните егзилантски чувства како реакција на егзилантската изместенот и отуѓеност. Чуповски животно се определил, најверјатно незадоволен од сопствената емигрантска судбина, несигурната и фрустрирачката историска стварност, за нешто од неговото минато, нему блиско. А тоа била Македонија. Македонија била дел од неговото минато, од неговото сеќавање, истовремено пријатно и злокобно искуство, сништа во кои бил заштитен и сигурен. Чуповски живеел за Македонија и на јаве и во сон.

Искуствата од минатото се извонредно силни за сите, без оглед на стварноста со која се соочуваме. Егзилантот грчевито посега по минатото, не само за да се потсети, туку и да ја одложи непријатната сегашност. Со зголемување на неизбежните притисоци на егзиолот, егзилантот станува тврдоглав, хиперактивен, а што често резултира со некое вредно дело.

Делото на Чуповски, промоцијата на македонското национално прашање е несомнено значаен составен дел на македонска културна историја. Меѓутоа, толку копнеаното враќање во татковината се покажало потешко од самото егзилантско искуство.

Додека Крсте Мисирков го подготвувал во Одеса печатењето на првиот број на списанието "Вардар" на македонски јазик, Димитрија Чуповски се вратил во Македонија. Престојувал во Солун и Велес, обидувајќи се да го поттикне формирањето на првите македонски просветни институции. Три месеца ги контактирал трговците, занаетчиите што финансиски требале да помогнат за успехот на неговата мисија. За цело време животот му бил во опасност подеднакво од турската власт, како и од македонските неистомисленици. Спасувајќи ја главата се вратил во Русија, не остварувајќи го својот сон. Неговата сопруга, Русинка Лидија Павловна, неговата верна следбеничка и безрезервна поддршка, по неговата смрт, во една прилика изјавила дека до крај на својот живот, Чуповски бил само и единствено Македонец.

## Екологија во заштита на животната средина
# МЕЃУНАРОДЕН ДЕН НА ПЛАНЕТАТА ЗЕМЈА

***“Ако луѓето исчезнат од Земјата, тоа нема да влијае на другите биолошки видови, но ако растенијата и животните исчезнат, ќе исчезне и човекот” – Б. Волис***





Оваа година на 22 април се навршија полни 40 години од човековото сознание дека нашата прекрасна сино-зелена планета станува сè помалку сина и зелена, сè помалку прекрасна, сончева и пријатна за живот. Датумот 22 април Обединетите нации го прогласија за Меѓународен ден на планетата Земја, кога во 1970 година повеќе од 200.000 луѓе во светот учествуваа во масовни протести за заштита на животната средина. Причина за будењето на еколошката свест беа околу 30.000 тони сирова нафта што истекоа во Пацификот и ја загадија плажата во заливот Санта Барбара во САД. Занемарувањето на потрошувачите и индустриски-ориентираната цивилизација доведе до глобално загрозување на целиот жив свет, а последиците од загадувањето на воздухот, водата и почвата станаа озбилна закана за опстанокот на човештвото. Оттогаш, луѓето во целиот свет формираат еколошки организации, а нивните “зелени” акции за заштита на животната средина се претворија во начин на размислување и живеење.

Контактот на младите со природата е далеку од нивниот живот во урбаните средини. Затоа е важно тие да се поттикнат на истражување и креативност за да можат да ја разберат природата. Подеднакво е важно да се изгради благодарност за природата во личната скала на вредностите на секој поединец. Формирањето на позитивни ставови на младите кон животната средина, нивните здрави навики и однесувањето кон природата, се стекнуваат со образование и вовед во природата и нејзината вредност. Неопходната едукација и ефикасното остварување на оваа идеја ќе биде основа за одржлив развој во иднина.

Со акцијата “Собирај ПЕТ за подобар свет”, основците од цела Македонија го одбележаа овогодишниот Ден на планетата Земја, со чистење на зеленилото на Градскиот парк во Скопје од пластични отпадоци. На поставените штандови се претставија многу невладини организации и основни училишта од повеќе градови, а граѓаните имаа можност да се запознаат со предностите од процесот на селектирање и рециклирање на отпадот. Овој еко-хепенинг беше скромен обид да се покаже дека грижата за животната средина не бара само финансиски средства и скапи технологии, туку пред сè, бара љубов, внимание, совесно однесување и желба за зачувување на условите за живот кои природата ни ги подарила. Натпреварувачкиот дел од оваа акција (мини-олимписки игри) имаше и хуманитарен карактер – “Срце за Јане”, при што се собираа средства за лекување на 20-месечниот Јане Велковски.

Планетата Земја е нашиот единствен дом и нејзината иднина зависи од луѓето, особено од младите, кои треба да се борат за спас на богатата природна разновидност. Затоа не се вели без причина дека оваа планета не сме ја добиле во наследство од своите предци, туку само сме ја позајмиле од нашите потомци.

Елизабета Петровска

# Промовиран нов препев на Прличевата поема “Сердарот“

Сто и педесет години од победата на охридскиот преродбеник Григор Прличев на книжевниот натпревар во Атина со поемата “Сердарот” беа одбележани во Друштвото на писателите на Македонија со промоција на нов препев на тоа ремек-делото во неговиот опус и во македонската литература во 19. век. Книгата ја објави Здружението за култура и уметност “Галикул”, а автор на новиот препев е универзитетскиот професор Георги Сталев.

На 25 март 1860 година Прличев во грчката престолнина бил овенчан со лавров венец и наречен втор Хомер за “Сердарот” (позната и како “Мартолозот” – од грчки: О Арматолос). Епското дело за трагичната смрт на Кузман Капидан, чуварот на галичко-реканскиот крај, има 912 стиха, богато е со стилски фигури, рими и прецизна поетска метрика на осмерците.

- Преку поемата “Сердарот” блеснува неговиот поетски талент, иако напишана на нему немајчин јазик... Нему најдостојно му прилега до аскеза интонираната максима – “совршенство или смрт”, рече Тодор Чаловски, уредник на “Галикул”. Георги Сталев, кој е познавач на делото на Прличев, во поговорот кон книгата наведува дека иако се уште останувaат некои небулози за расветлување, беспредметно е прашањето на чија литература и припаѓаат авторот и делото.

- Грчките историчари на книжевноста уште на времето беа го вклучиле делово, а и авторот, се разбира во своите Истории на новогрчката литература, но подоцна, поради познатите антагонистички позиции спрема “блиската околина”, на која и до денеска не сакаат да и го признаат името, официјалната политика едноставно ги избриша. Бугарските претензии се повеќе од познати, за што придонел и самиот Григор Прличев подоцна, истакнува Сталев.

На промоцијата зборуваше и претседателот на ДПМ Раде Силјан, а стихови од “Сердарот” читаа Биљана Беличанец-Алексиќ и Симон Беличанец. Промоцијата беше збогатена и со настап на флејтистот Никола Атанасов и пијанистката Јасминка Чакар.

М.А.В




## ЦЕНОВНИК ЗА ОБЈАВЕНИ РЕКЛАМИ ВО “МАКЕДОНСКИ ГЛАС”

Страниците на нашето списание “Македонски глас” отворени се и за Вашите реклами. Доколку сакате Вие и Вашата фирма да се рекламирате на нашите страници, доволно е само да се јавите на телефонот на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска или испратите понуда на нејзината адреса, а ние од Уредништвото веднаш ќе ги исполниме Вашите желби. Ценовникот за користењето на рекламниот простор е:

| ФОРМАТ | ЦРНО-БЕЛО | КОЛОР |
|---|---|---|
| 1/1 А4 | 600 куни | 900 куни |
| 1/2 А4 | 450 куни | 600 куни |
| 1/3 А4 | 300 куни | 450 куни |
| 1/4 А4 | 225 куни | 300 куни |
| 1/8 А4 | 150 куни | 225 куни |

Во очекување на нашите взаемни контакти,
Ваш “Македонски глас”

## ПРЕТПЛАТА НА “МАКЕДОНСКИ ГЛАС“

Драги наши читатели,

Доколку Вие, кои редовно го читате нашето списание, сакате да станете негов претплатник и тоа редовно да пристига на Вашата адреса, Ви нудиме можност да го сторите тоа. Доволно е со писмо да се обратите на адресата на Заедницата на Македонците во Р. Хрватска, Масарикова 16/1, 10000 Загреб, во кое ќе ја приложите потврдата за Вашата платена претплата (жиро сметката на Заедницата е: 2340009-1100038804, матичниот број: 3805760, и личниот идентификациски број (OIB): 07739533563) и читко да го напишете Вашето име и адресата на која сакате да Ви пристига секој нов број на Македонски глас.

Претплатата на Македонски глас за Хрватска, со платена поштарина (за 6 броја), изнесува 60 куни годишно, додека пак за странство, 120 куни годишно или 17 евра.

Со надеж дека наскоро ќе ни се јавите,
искрени поздрави од
Уредништвото

## NE GASI U SEBI ŽENU

*Supruzi Mimozi 09.06.2010. godine za rođendan*

*Kad hladni vjetrovi pušu*
*odnose lišće sa grana,*
*kad brze poteku vode*
*i zadnji plodovi venu,*
*preklinjem te i molim:*
*“Ne gasi u sebi ženu!”*

*Motivu za to nemaš.*
*Niti je uzrok tome,*
*odanost sjećanju prošlom.*
*Ostani zauvijek lijepa!*
*U godinama što idu,*
*dolaze nova vremena...*

*Kad tmurni oblaci zaprijete*
*i vode niz litice krenu,*
*gromovi nek te ne plaše,*
*ni bljesak munje sa neba.*
*Osmjeh neka te krasi*
*Ne gasi u sebi ženu!*

Ratko Dimovski

## AKO TOGA NEMA...

*Nije li ljubav ništa doli snaga,*
*dok život nemilice snove ruši*
*da čvrstoću i oslonac stvori*
*onda, kada ti je teško u duši.*

*Nije li ljubav ništa doli vatra,*
*dok gubiš polako nadu u sebe*
*da istrajnost i toplinu daje*
*onda, kada ti srce zebe.*

*Nije li ljubav ništa doli vjera,*
*dok sumnja guši i potiho vreba*
*da utjehu i sigurnost pruži*
*onda, kada ti najviše treba.*

*Ljubav ne bira vrijeme i mjesto,*
*ona ne bježi, ne moli ni sudi,*
*i ne znači samo jedno “oprosti”*
*što se tek ovlaš i površno nudi.*

*Skrovište istine ona treba biti*
*gdje povjerenje caruje i vlada,*
*ako toga nema i najjača ljubav*
*na kraju ipak u zaborav pada.*

Elizabeta Petrovska

## PEPERUTKA

*Tolku si ubava!*
*Te primetiv koga odedna{*
*preleta nad mene,*
*a pomisliv – toa e bubmar,*
*no, gledaj – prekrasna peperutka!*
*Dojde da me razveseli{,*
*da mi pravi{ dru{tvo.*
*Mo`ebi ti se dopa|a muzikata,*
*pa veselo leta{ naokolu.*
*Mo`ebi se gordee{ so svojata ubavina*
*i saka{ da ja primetam.*
*Navistina si prekrasna!*
*Voodu{eveno gi gledam*
*tvoite prekrasni boi*
*i me raduva tvojata razigranost.*
*Ne znam {to te natera*
*da svrati{ do mene,*
*dali ti dosadi temninata,*
*pa posakuvaj}i svetlina*
*– niz prozorec doleta kaj mene!*
*Ne znam, mo`ebi...*
*No seedno,*
*Odi ponatamu po svojot pat,*
*leti, leti, leti!*
*Poseti u{te nekogo,*
*vruvam, }e ti se izraduva.*
*Znam, sigurno nekoj niti*
*nema da te primeti,*
*no, ne gri`i se za toa,*
*leti, leti!*
*U`ivaj vo slobodata*
*i ne zaboravaj na moeto*
*BLAGODARAM!*

Anka Rabuzin

## ПРОЛЕТНА СУПА

**Потребно е:**

2 моркови
30 г. целер
200 г. боранија
100 г. зелен грашок
2 тиквички
3 лажици маслиново масло
50 г. сушена сланина
1 главица кромид
3 чешнињa лук
1 коцка говедска супа
Мајчина душица, босилек, мажуран
1 лажица пире од домати
80 г. ситни макарони
Магдонос
Пармезан

**Подготовка:**

Исечканиот морков, целерот и кромидот кратко се пржат на маслиновото масло. Потоа, се додава исечената боранија, грашокот, па откако ќе зоврие се додаваат тиквичките исечкани на парчиња, исечената сланина и лукот. Се додава коцка од говедска супа и се залева со 1 литар вода. После 10 минути се додаваат зачините мајчина душица, босилек, мажуран, пирето од домати, компирите исечени на коцки и макароните. Доколку е потребно ставете уште малку вода. На крај во супата ставите магдонос и, по желба, изрендан пармезан.



## ПИТА ОД ПРАЗ

**Потребно е:**

500 г. дебели кори
500 г. праз
120 г. маргарин
2 дл. павлака
2 јајца
малку лук
сол и бибер

**Подготовка:**

Празот се пржи на маргаринот, па откако ќе омекне му се додаваат јајцата, лукот, сол и бибер. Кога смесата малку ќе се олади се става на корите. Во тава измачкана со масло се ставаат две кори, па се додава смесата со празот, па повторно две кори и смесата со празот, па на крајот уште две кори кои мораат да ја покријат тепсијата. Тавата се пече во рерна загреана на 200 степени, а по 5 минути се намалува на 150 степени, околу 30 минути. Пред крај на питата се става павлака.

М. А. В.





Пита од праз

# ГЕОГРАФСКИ И ДРУГИ ИМИЊА

***Во овој број на „Македонски глас“ ќе зборуваме за некои од имињата кои почнуваат со последните букви од нашата азбука – Х, Ц, Ч, Џ и Ш. Ќе се сретнеме со некои имиња на држави, народи, градови, на нивните жители и односните придавки изведени од нив.***

## Х

**Хаваи;** *Хаваец* -ајци; *Хавајка; хавајски.*

**Хавана;** *хаванец* -нци; *хаванка; хавански.*

**Хаг;** *хаѓанец* -ни; *хаѓанка; хашки.*

**Хаити;** *Хаиќанец* -ни; *Хаиќанка;* (држава) *хаитски;* (народ) *хаиќански.*

**Халдеја;** *Халдеец* -ејци; *Халдејка; халдејски.*

**Ханој;** *ханоец* -ојци; *ханојка; ханојски.*

**Харков;** *харковјанец* -ни; *харковјанка; харковски.*

**Херцеговина;** *Херцеговец* -вци; *Херцеговка; херцеговски.*

**Хималаи;** *хималајски.*

**Холандија;** *Холанѓанец* -ни; *Холанѓанка; холандски.*

**Хонгконг** и **Хонг Конг;** *Хонконжанец* -ни; *Хонконжанка; хонконшки.*

**Хондурас;** *Хондурашанец* -ни; *Хондурашанка; хондурашки* и *хондураски.*

**Хрватска;** *Хрват; Хрватка; хрватски.*

## Ц

**Цариград;** *цариградски.*

**Централноафриканска Република;** *Централноафриканец* -нци; *Централноафриканка; централноафрикански.*

**Цирих;** *циришанец* -ни; *циришанка; циришки.*

**Црна Гора** и **Црна Гора;** *Црногорец* -рци; *Црногорка; црногорски.*

**Црна (Река);** *црноречки.*

## Ч

**Чад;** *Чаѓанец* -ни; *Чаѓанка; чадски.*

**Чехија** и **Чешка;** *Чех* -еси; *Чехинка; чешки.*

**Чеченија;** *Чечен; Чеченка; чеченски.*

**Чикаго;** *чикашки.*

**Чиле;** *Чилеанец* -нци; *Чилеанка; чилеански.*

**Чувашија;** *Чуваш; Чувашка; чувашки.*

## Џ

**Џибути;** *Џибутанец* -ни; *Џибутанка; џибутски.*

## Ш

**Шангај;** *шангаец* -ајци; *шангајка; шанѓајски.*

**Шар Планина**; *шарпланински.*

**Швајцарија;** *Швајцарец* -рци; *Швајцарка; швајцарски.*

**Шведска**; *Швеѓанец* -ни; *Швеѓанка; шведски.*

**Шкотска**; *Шкот* и *Шкотланѓанец* -ни; *Шкотланѓанка; шкотски.*

**Шпанија;** *Шпанец* -нци; *Шпанка; шпански.*

**Шри Ланка**; *Шриланканец* -ни; *Шриланканка; шриланкански.*

**Штаерска**; *Штаерец* -рци; *Штаерка; штаерски.*

**Штип**; *штипјанец* -ни; *штипјанка; штипски.*

**Шумадија**; *Шумадинец* -нци; *Шумадинка; шумадиски.*

Марија Георгиева-Петриќ
судски преведувач за македонски јазик

(Според *Правописот на македонскиот литературен јазик*, Скопје, 1999)

# НА КРАТОВСКИТЕ “КУКЛИЦИ”



Македонија изобилува со необични и интересни природни локалитети. Некои од нив, иако тешко достапни, вредни се за секој труд. Таков е случајот и со кратовските “Куклици”.

Ако патувате во источниот дел на Македонија, на 8 км северозападно по главниот пат за Кратово ќе наидете на селото Куклица. Ова мало село од типичен раштркан тип, сместено е на десната долинска страна на Крива Река. Оттаму, на уште 2-3 км, земјениот пат ќе ве одведе до геолошкиот резерват наречен “Весела свадба” или “Куклици”. Волшебно место, ремек-дело на природата каде се испреплетени и легенди и вистини. Ќе ве пречекаат 148 камени кукли или земјани пирамиди распоредени во секакви групи и форми, а многу од нив наликуваат на скаменети човечки фигури. Поради тоа, локалното население со векови раскажува легенди за нивниот постанок.

Една од приказните вели дека камените кукли настанале така што некој човек сакал да се ожени со две жени во еден ист ден. Така, тој ја договорил првата свадба претпладне, а втората попладне. Но, во текот на првата свадба дошла и втората невеста и кога видела дека нејзиниот вереник се жени за друга жена, ги проколнала сите сватови и тие се претвориле во камења. Скаменетите свадбари и денес сведочат за гневот и за болката на несреќната девојка. Мештаните го викаат местото “Весела свадба” зашто сватовите останале насмеани, а младенците се скамениле во нежна прегратка. Поради овие скаменети “кукли”, и местото го добило своето име – Куклица.

Научниците пак, велат дека фигурите се природна појава настаната со долготрајна ерозија на вулкански карпи во периодот меѓу еоценот и плиоценот и стари се меѓу 15 и 20 милиони години. Атмосферските влијанија ги граделе, моделирале, и затоа тие имаат така карактеристичен облик. Овој бавен процес продолжува и денес, менувајќи го обликот на карпите, со што некои постепено се уништуваат, а други се создаваат.

Овој локалитет е заштитен како природна реткост. Легенди или вистини, не е важно. Важно е да се сочуваат мистериозните “скаменети свадбари”, а времето можеби само ќе го одгатне овој необичен феномен.

Елизабета Петровска











TRAVEL CLUB

A Member of RADIUS
Global Travel Solutions

Pirinska 43 – 45 lok 8 1000 • Skopje, Makedonija
Rezervacije: 00389 2 322 8995 • Faks / Tel.: 00389 2 322 8996
E-mail: booking@travelclub.com.mk

Kneza Borne 2, 10000 • Zagreb, Croatia
Office +385 1 555 2560 • Fax/tel.: +385 1 555 2562 • 24/7: +385 91 335 7753
E-mail: info@worldtravelclub.info • www.radiustravel.com

www.worldtravelclub.info



idea+




Uživajte u vinu umjereno
www.tikves.com.mk